# ИЗБОРНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:

# КАКО ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ РАМНОПРАВНА И ФЕР ЗАСТАПЕНОСТ ВО СОБРАНИЕТО



ФЕВРУАРИ 2022

# ИЗБОРНИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:

# КАКО ДА СЕ ОБЕЗБЕДИ РАМНОПРАВНА И ФЕР ЗАСТАПЕНОСТ ВО СОБРАНИЕТО

ФЕВРУАРИ 2022

**Издавач:**
**Национален демократски институт (НДИ)**

**Автори:**
**Златко Атанасов**
**Дејан Димитриевски**
**Александра Крстеска**
**Бојана Наумовска**
**Анета Цекиќ**
**Јован Близнаковски**
**Милка Тодоровска**

**Рецензија:**
**Александра Крстеска**
**Иван Стефановски**

**Лектура:**
**Тања Стевановска**

**Графички дизајн:**
**Дигипринт**

**Тираж:**
**200 копии**

**Изработката на студијата за *Изборниот систем на Северна Македонија* е поддржана преку Програмата за изборен интегритет спроведена од Националниот демократски институт (НДИ) со финансиска поддршка обезбедена од Националната фондација за демократија (НЕД).**

# Предговор

Ова истражување е дел од програмата на Националниот демократски институт (НДИ) за зголемување на изборниот интегритет со која се зајакнуваат капацитетите на граѓанското општество и на политичките партии за да се унапреди изборниот интегритет преку следење, лобирање и реформи. Во Северна Македонија, целиме кон зајакнување на правичноста на изборниот процес преку вклученост на засегнатите страни.

НДИ потврдува дека инклузивниот дијалог за политики, врз основа на емпириски и веродостојни истражувања е клучно за секоја изборна реформа. Имаме за цел да им презентираме веродостојни научни податоци на донесувачите на одлуки со цел да ги информира при донесувањето одлуки.

Во ова истражување се разгледуваат можни измени на изборниот модел со што несомнено се придонесува за поинклузивен парламент кој ги одразува потребите на граѓаните.

Во член 62 од Уставот на Република Северна Македонија се вели дека пратениците се претставници на граѓаните кои треба да гласаат по сопствено убедување. И како што предвидува Уставот, претставеноста на граѓаните е клучно за претставничката парламентарна демократија.

Сепак, граѓаните на Северна Македонија често се чувствуваат запоставени од страна на нивните избрани застапници. Несомнено, еден од клучните проблеми е перцепцијата дека пратениците се одговорни пред партиските лидери затоа што тие одлучуваат кои кандидати се на партиските листи, со што ја засилуваат перцепцијата дека партиските лидери се одлучувачки за нивните пратеници.

Испитаниците во нашите фокус групи спроведени заедно со Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања (ИСППИ) истакнуваат дека главните аргументи поради кои поддржуваат можна промена на изборниот модел се:

- зголемување на квалитетот на избраните претставници;
- зголемување на личната одговорност на кандидатите и на избраните претставници;
- демократизација на политичките партии; и,
- намалување на улогата на партиските лидери преку зголемување на улогата на гласачите при селекцијата на поединечни кандидати.

Конечно, на прашањето дали промената на начинот на кој се избираат пратениците може да придонесе кон намалување на зависноста на пратениците од партиските лидери, половина од испитаниците се согласуваат дека промената на изборниот модел може да придонесе кон намалување на зависноста на пратениците од партиските лидери. Оваа перцепција кај граѓаните е речиси непроменета во последните три години. За граѓаните да бидат приоритет кај пратениците и нивните политички партии, потребно е поголемо учество на граѓаните во изборниот процес.
Го поздравуваме овој општ напор на граѓаните да имаат поголем удел во изборниот процес и охрабруваме водење на дијалог за таа цел.

Роберт Скот Хејзлет,
Виш резидентен директор,
НДИ Северна Македонија

# Содржина

Предговор ... 3
ВОВЕД ... 7
1. ИЗБОРНИ СИСТЕМИ - ДЕФИНИЦИЈА И ТИПОВИ ИЗБОРНИ СИСТЕМИ ... 9
1.1 МНОЗИНСКИ ИЗБОРНИ СИСТЕМИ ... 9
1.1.1 Изборен систем со плурално мнозинство (Плурален изборен систем) ... 10
1.1.2 Мнозински изборен систем во два круга ... 10
1.1.3 Систем на алтернативен глас и систем на дополнителен глас ... 11
1.2 ПРОПОРЦИОНАЛНИ ИЗБОРНИ СИСТЕМИ ... 11
1.2.1 Пропорционален изборен систем со партиски листи ... 13
1.2.2 Системот на поединечен пренослив глас ... 13
1.3 МЕШОВИТИ ИЗБОРНИ СИСТЕМИ ... 13
1.3.1 Паралелен изборен систем ... 14
1.3.2 Мешовит систем со дополнително претставување (германски модел) ... 14
1.3.3 Систем на поединечен непренослив глас ... 15
2. МОЖНОСТА ЗА ПРОМЕНА НА ИЗБОРНИОТ МОДЕЛ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ... 16
2.1 ВЛИЈАНИЕТО ОД ПРОМЕНАТА НА РАЗЛИЧНИТЕ КОМПОНЕНТИ НА ПРОПОРЦИОНАЛНИОТ ИЗБОРЕН МОДЕЛ СО ПАРТИСКИ ЛИСТИ ... 16
2.1.1 Симулација на изборните резултати од 2020 година со промена на компонентите на пропорционалниот модел со партиски листи ... 17
2.2 ВЛИЈАНИЕТО ОД ПРОМЕНАТА НА ИЗБОРНИОТ СИСТЕМ СО ВОВЕДУВАЊЕ МНОЗИНСКИ МОДЕЛ СО ПЛУРАЛНО МНОЗИНСТВО ... 26
2.2.1 Симулација на изборните резултати од 2020 година со примена на мнозинскиот модел со плурално мнозинство ... 27
2.3 ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ДИСКУСИЈА ВО ОДНОС НА МОЖНОСТА ЗА ПРОМЕНА НА ИЗБОРНИОТ МОДЕЛ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ... 31
3. МОЖНОСТА ЗА ПРОМЕНА НА ИЗБОРНИОТ МОДЕЛ ЗА ИЗБОР НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ И ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ ВО ОПШТИНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ... 36
3.1 ПРОМЕНА НА ИЗБОРНИОТ МОДЕЛ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ ... 36

3.2 ПРОМЕНА НА ИЗБОРНИОТ МОДЕЛ ЗА ИЗБОР НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ ..... 36

4. ВЛИЈАНИЕТО ОД ПРОМЕНАТА НА ИЗБОРНИОТ МОДЕЛ ВРЗ РОДОВАТА ЗАСТАПЕНОСТ ВО ЗАКОНОДАВНИОТ ДОМ ..... 39

4.1 РОДОВАТА ЗАСТАПЕНОСТ ВО СОБРАНИЕТО ВО СЛУЧАЈ НА ЕДНА ИЗБОРНА ЕДИНИЦА ..... 39

4.2 РОДОВАТА ЗАСТАПЕНОСТ ВО СОБРАНИЕТО ВО СЛУЧАЈ НА ОТВОРЕНИ ИЗБОРНИ ЛИСТИ ..... 41

4.3 РОДОВАТА ЗАСТАПЕНОСТ ВО СОБРАНИЕТО ВО СЛУЧАЈ НА МНОЗИНСКИ ИЗБОРЕН МОДЕЛ ..... 42

5. МОЖНОСТА ЗА МЕНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ СИСТЕМ ВО НАСОКА НА ОЛЕСНУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕТО НА АКТИВНОТО И ПАСИВНОТО ИЗБИРАЧКО ПРАВО ОД СТРАНА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ ..... 44

5.1 АКТИВНО ИЗБИРАЧКО ПРАВО НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ..... 44

5.2 ПАСИВНО ИЗБИРАЧКО ПРАВО НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ..... 44

ИНКЛУЗИВНОСТ НА ИЗБОРНИОТ МОДЕЛ..... 45

СТАВОВИ НА ГРАЃАНИТЕ И ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗА ПРОМЕНА НА ИЗБОРНИТЕ ПРАВИЛА ..... 55

ВОВЕД..... 56

СТАВОВИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ЗА ПРОМЕНА НА ИЗБОРНИТЕ ПРАВИЛА ..... 57

СТАВОВИ НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ПРОМЕНА НА ИЗБОРНИТЕ ПРАВИЛА..... 67

ЗАКЛУЧОЦИ ОД ПРАШАЛНИЦИ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ..... 80

ЗАКЛУЧОЦИ ОД ФОКУС ГРУПИТЕ СО ГРАЃАНИ ..... 81

БИБЛИОГРАФИЈА: ..... 83

# ВОВЕД

Прашањето за изборниот модел во Република Северна Македонија е едно од најчесто поставуваните прашања, особено во периодот пред и по секои избори. Оние што се залагаат за промени на досегашниот систем, најчесто зборуваат за фаворизација на големите партии и коалиции наспроти помалите, недостиг на внатрепартиска демократија, намалување на личната одговорност на пратениците, минимизирање на можноста малите партии да влезат во Собранието, како и губење на значителен број гласови што ги освојуваат партиите што не успеваат да влезат во законодавниот дом.

Предмет на истражување на оваа анализа е изборниот модел во нашата држава, за парламентарни и за локални избори, како од теоретски аспект - во однос на главните карактеристики, примената, предностите и недостатоците - така и од практичен аспект - анализирајќи ги ефектите од евентуалната промена на изборниот модел или на некоја негова компонента. Потребата од истражување на предметот на трудот е неспорна имајќи ги предвид важноста и актуелноста на темата. Дискутирајќи за важноста на изборните системи, двајца познати политиколози кои се занимаваат со политика и избори, како Фарел, што ќе ги нарече „запчаници што овозможуваат нормално да функционираат тркалата на демократијата“[1], додека Сартори, истите ќе ги нарече „најспецифичниот манипулативен инструмент на политиката“[2]. Причината за тоа е фактот што изборот на одреден изборен модел може да ја промени политичката сцена во дадена земја во однос на бројот на партии, видот и стабилноста на владата, начинот на кој луѓето ги перципираат кандидатите и процесот на гласање, како и многу други аспекти. Секој изборен модел има свои компоненти што функционираат како варијабли, при што со нивното менување доаѓа до промена и на изборните резултати. Изборот на специфичен изборен модел што ќе ги задоволи сите засегнати страни и негово преточување во изборното законодавство бара сериозен и сеопфатен пристап, како и вклученост на што е можно повеќе актери со цел постигнување општествен компромис.

Основна цел на проучувањето во оваа анализа е да се процени важноста од промената на изборниот модел во Република Северна Македонија врз основа на анализата на изборните резултати на парламентарните и на локалните избори. Главното истражувачко прашање што овој труд се обидува да го докаже е следново: Промените во изборниот модел ќе донесат значителни поместувања во составот на законодавниот дом во однос на распределбата на мандатите помеѓу партиите.

Во насока на остварување на основната цел на проучување на анализата, освен главното истражувачко прашање, ќе бидат разгледувани и неколку други работни прашања:

---

[1] Фарел, Д. *„Изборни системи: Компаративен вовед (второ издание)“*. Њујорк, 2011, стр. 2

[2] Lijphart, A. *“Constitutional Choices for New Democracies”.* Во Diamond, L. and Plattner, M. F. (Ed.). *“Electoral Systems and Democracies”*. Балтимор: Џон Хопкинс Универзитет, 2006, стр. 74

●Постојниот пропорционален изборен модел со неговите компоненти е наклонет кон големите партии, односно го намалува бројот на мандатите освоени од страна на помалите партии, како и го отежнува влезот на партиите во законодавниот дом.

●Воведувањето мнозински изборен модел со плурално мнозинство ќе донесе промени на политичката сцена, целосно менувајќи ја распределбата на мандатите помеѓу партиите и коалициите во законодавниот дом.

●Мнозинскиот изборен модел речиси целосно ќе ги елиминира шансите на помалите партии за влез во Собранието.

●Промената на постојниот пропорционален изборен модел во однос на бројот на изборни единици (од шест на една) ќе донесе бенефити за помалите партии и ќе доведе до поголема разновидност во законодавниот дом, односно повеќе политички партии би успеале да освојат барем еден пратенички мандат.

●Воведувањето изборен праг ќе се одрази негативно врз помалите партии и нивните шанси за влез во законодавниот дом.

●Донтовата формула за пресметување на мандатите ги фаворизира големите партии и со нејзиното менување ќе се подобри пропорционалноста на изборните резултати наспроти добиените гласови.

●Воведувањето отворени листи нема да донесе промени во распределбата на мандатите помеѓу партиите/коалициите, но ќе влијае врз зголемувањето на демократските процеси внатре во партиите, како што е селекцијата на кандидатите и внатрепартиската демократија.

●Менувањето на изборниот модел за избор на градоначалници, од два во еден изборен круг, ќе допринесе за заштеда на време и пари и за намалување на политичкото пазарење помеѓу двата круга, но ќе се одрази негативно врз пропорционалноста на гласовите и бројот на „изгубени“ гласови.

●Промената на постојниот изборен модел во однос на бројот на изборни единици (од шест на една) и во однос на типот на избирачки листи (отворени наспроти затворени) би можела да влијае врз родовата застапеност во законодавниот дом.

●Воведувањето мнозински изборен модел ќе се одрази негативно врз застапеноста на жените во законодавниот дом.

Со цел докажување на хипотезите, ќе се примени комбинација од различни методолошки пристапи, вклучувајќи ги индуктивниот и дедуктивниот метод, компаративниот метод, методот на квантитативната анализа, методот на дескрипција и методот на компилација.

# 1. ИЗБОРНИ СИСТЕМИ - ДЕФИНИЦИЈА И ТИПОВИ ИЗБОРНИ СИСТЕМИ

Изборниот систем во потесна смисла претставува техника преку која се обезбедува трансформација на гласовите дадени од избирачите во претставнички мандати. Со други зборови, „изборниот систем одредува како гласовите се претвораат во места во претставничкиот дом“.[3] Од друга страна, изборниот систем во поширока смисла претставува „збир на правила со чијашто помош се регулира целокупниот изборен процес“.[4] Според ова гледиште, „за да се објасни еден изборен систем, потребно е да се земат предвид сите негови компоненти, вклучувајќи ги гласачкото тело, изборното законодавство, правилата што ја регулираат изборната кампања, поделбата на изборните единици, како и изборната формула која се применува за претворање на гласовите во места во претставничкиот дом“.[5] Фарел го прави разграничувањето помеѓу изборни закони и изборни системи. Изборните закони претставуваат збир на правила што го уредуваат целиот процес на изборите, додека изборните системи го регулираат само процесот на гласање и одредувањето на победниците и на губитниците (начинот на гласање, типот на избирачкото ливче, пребројувањето на гласовите и утврдувањето на мандатите).[6] Во рамките на оваа анализа, поимот „изборен систем“ ќе се користи во неговата потесна смисла, изедначувајќи се со поимот изборен модел.

Сите различни типови изборни системи што постојат може да се групираат во две основни групи: мнозински изборни системи и пропорционални изборни системи. Во поново време, со комбинација на делови од двата типа, се добива една нова група изборни системи наречени мешовити изборни системи.

## 1.1 МНОЗИНСКИ ИЗБОРНИ СИСТЕМИ

Според мнозинските изборни системи, правото на мандат (место во претставничкиот дом) му припаѓа на оној кандидат што го освоил потребното мнозинство гласови на одржаните избори[7]. Мнозинските изборни системи најчесто се применуваат во мали едномандатни изборни единици, каде што гласачите го даваат својот глас за кандидати, а не за партиски листи. Главната разлика според која се делат мнозинските изборни системи претставува потребното мнозинство кое се бара за одреден кандидат да го освои мандатот. Во теоријата се разликуваат неколку видови мнозинства: 1) **плурално**

---

[3] Сартори, Џ. *„Компаративен конституционален инженеринг: Преглед на структурите, мотивацијата и исходите“*. Њујорк, 1997, стр. 3

[4] Хејвуд, Е. *„Политика“*. Бејсингстоук, 2007, стр. 256

[5] Грили ди Кортона, П., Манзи, С., Пенизи, А., Рика, Ф. и Симеоне, Б. *„Евалуација и оптимизација на изборните системи“*. Филаделфија, 1999, стр. 5

[6] Фарел, Д. *„Изборни системи: Компаративен вовед (второ издание)“*. Њујорк, 2011, стр. 3

[7] Силјановска-Давкова, Г. *„На патот на распределбата на изборните мандати - изборни модели“*. Во *„Конституционализам, универзализам и демократија“*. Ротердам, 1999, стр. 2

**мнозинство** - најголем број гласови во однос на останатите кандидати; 2) **релативно мнозинство** – 50 % од вкупниот број дадени гласови; 3) **апсолутно мнозинство** – 50 % од вкупниот број регистрирани гласачи; 4) **квалифицирано мнозинство** – секое мнозинство што предвидува поголем процент на гласови од 50 %. Во теоријата и во практиката се разликуваат неколку различни видови мнозински изборни системи.

### 1.1.1 Изборен систем со плурално мнозинство (Плурален изборен систем)[8]

Овој изборен систем претставува наједноставна варијанта на мнозински изборен систем што воопшто се појавила во изборната теорија и практика[9]. За потребите на овој изборен систем, државата најчесто се дели на прилично еднакви едномандатни изборни единици, каде што гласачите имаат право да гласаат за еден од кандидатите. По завршувањето на гласањето, претставничкиот мандат го освојува оној кандидат што освоил плурално мнозинство, односно најмногу гласови во однос на останатите кандидати (без разлика дали разликата е еден или 1000 гласа). „Овој систем претставува најстар изборен систем, датирајќи од дванаесеттиот век, и исто така е наједноставниот“[10]. Родното место на овој изборен систем е Англија. Денес, иако не толку како во минатото, овој систем се смета за еден од најупотребуваните изборни системи во светот. Меѓу земјите каде што се имплементира овој систем спаѓаат Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска, САД, Канада, Индија, Бангладеш, Непал, како и други земји[11].

### 1.1.2 Мнозински изборен систем во два круга

Овој изборен систем претставува втор најчесто користен мнозински изборен систем денес. Уникатноста на овој систем е во тоа што предвидува можност изборот на кандидатот што ќе го освои претставничкиот мандат да се изврши во два изборни круга. За победник во првиот круг се смета оној кандидат што го освоил потребното мнозинство, најчесто апсолутно или релативно мнозинство. Доколку ниту еден кандидат не го постигне мнозинството што е потребно за победа (што најчесто е случај), се организира втор круг на гласање, во кој учествуваат или двајцата кандидати што освоиле најмногу гласови во првиот круг или, пак, сите кандидати што во првиот круг освоиле повеќе гласови од законски утврдениот процент. За победник во вториот круг се смета оној кандидат што освоил најмногу гласови, односно повеќе гласови од останатите кандидати. Овој изборен систем се применува за избор на пратеници во парламентите на околу 20 земји, меѓу кои најпозната е Франција, потоа

[8] Овој изборен систем е популарно познат по називот **first-past-the-post system.**

[9] Каракамишева, Т. *„Избори и изборни системи“*. Скопје, 2004, стр. 63

[10] Норис, П. *„Изборен инженеринг: Правила на гласање и политичко однесување“*. Кембриџ, 2004, стр. 42

[11] Ваквиот изборен систем е карактеристичен за голем дел од земјите на поранешниот Комонвелт.

Белорусија, Иран, Виетнам, повеќе држави во Африка, и други. Франција во времето на Луј Наполеон се смета за родното место на овој изборен систем.[12]

### 1.1.3 Систем на алтернативен глас и систем на дополнителен глас

Овие изборни системи важат за едни од најкомпликуваните. Во рамките на системите се употребува преференцијално гласање во едномандатни изборни единици. Кај системот на алтернативен глас, гласачите ги рангираат кандидатите во однос на својата преференција (број 1 за првиот избор, број 2 за вториот, итн.). За да го освои претставничкиот мандат, одреден кандидат е потребно да постигне просто мнозинство од гласовите (најмалку 50 % од вкупниот број гласови) по пребројувањето на првите преференции. Доколку ниту еден кандидат не успее да го постигне потребното мнозинство, кандидатот со најмалку гласови се елиминира, а неговите гласови се редистрибуираат во зависност од втората (или наредната) преференција. Овој процес се повторува сè додека еден од кандидатите не го постигне потребното мнозинство за да го освои мандатот. Денес, системот на алтернативен глас се употребува во Австралија и во Папуа Нова Гвинеја.

Системот на дополнителен глас претставува слична варијанта на системот на алтернативен глас. Разликата е во тоа што наместо гласачите да ги рангираат кандидатите во зависност од својата преференција, тие имаат право на само еден „дополнителен“ глас (една дополнителна преференција). По пребројувањето на првите преференции, доколку ниту еден кандидат не го постигне потребното мнозинство, сите кандидати освен двата со најмногу освоени гласови се елиминираат, а нивните гласови се редистрибуираат кај кандидатот што го добил „дополнителниот“ глас. По редистрибуцијата на гласовите, победник е оној кандидат што ќе има повеќе гласови во однос на својот противник. Системот на дополнителен глас денес не се користи за избор на пратеници во парламентите на ниту една земја во светот, а најчесто наоѓа примена на одредени локални избори.

## 1.2 ПРОПОРЦИОНАЛНИ ИЗБОРНИ СИСТЕМИ

Според моделот на пропорционално застапување, претставничките места се распределуваат во согласност со освоените гласови, односно секоја партија е застапена во претставничкиот дом во пропорција со делот на добиените гласови од електоратот[13]. Со други зборови, секоја партија добива процент на претставнички мандати кој е пропорционален со процентот на гласови што партијата ги освоила за време на изборите. Пропорционалните изборни системи најчесто се применуваат во поголеми повеќемандатни изборни единици, каде што гласачите го даваат својот глас за партиски листи, а не за кандидати.

Постојат огромен број варијации на пропорционалните изборни системи. Главната разлика според која се диференцираат различните пропорционални

---

[12] Силјановска-Давкова, Г. *„На патот на распределбата на изборните мандати - изборни модели“*, 1999, стр. 2

[13] Ибид, стр. 3

системи претставува изборната формула, односно начинот на кој се врши распределбата на мандатите во зависност од изборните резултати.

Најчесто употребувани изборни формули[14] се следниве:

**а) Модел на изборна квота (Харе квота)** - изборната формула се добива кога вкупниот број гласови во изборната единица се делат со бројот на мандати предвидени за таа изборна единица.[15] Според овој модел, бројот на гласови добиени од страна на секоја партија се дели со изборната квота, при што се добива бројот на мандати што треба да ги добие секоја од партиите. Во случај да останат нераспределени мандати, истите ги добиваат партиите со најголеми остатоци на гласови по првичното распределување на мандатите.

**б) Донтова (D'Hondt) формула** - според овој модел, бројот на мандати што секоја партија ќе ги добие се пресметува кога вкупните гласови на сите партии ќе се поделат со заеднички делител. Заедничкиот делител се добива на следниов начин: збировите на сите партии се делат со 1, со 2, со 3, и така натаму сè додека не се стигне до бројот на достапни мандати. Потоа, сите резултати се подредуваат според големината, при што се оди додека не се стигне до толку резултати колку што има мандати во изборната единица, при што последниот релевантен резултат претставува заедничкиот делител. На пример, доколку во изборната единица се предвидени 20 мандати, тогаш дваесеттиот највисок резултат претставува заеднички делител. Донтовата изборна формула за пресметување на резултатите е најчесто користената изборна формула денес. Освен што се применува при изборот на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, оваа формула се користи и во многу други држави, како што се Албанија, Данска, Хрватска, Белгија, Австрија, Холандија, Полска, Србија, Словенија, итн.

**в) Сент-Лагиева (Sainte–Lague) формула** - ја користи истата техника како и Донтовата формула, со таа разлика што за да се добие заедничкиот делител, збировите на сите партии не се делат со секој број додека не се стигне до бројот на достапни мандати, туку со секој непарен број (со 1, со 3, со 5, итн.).

Освен овие изборни формули, постојат и други, како што се Дропова квота, Хагенбах-Бишофова квота, Империјали квота, итн.

Покрај изборната формула, постојат и други фактори според кои се диференцираат различните пропорционални изборни системи, како што се: големината на изборната единица (целата земја да претставува една изборна единица или земјата да биде поделена на повеќе помали изборни единици); типот на избирачките листи (отворени или затворени) и изборниот праг (минималниот процент од вкупните гласови што една партија мора да ги освои за да обезбеди место во претставничкиот дом). Со комбинација на овие фактори, се добиваат огромен број различни пропорционални изборни системи кои се користат денес. Двата основни модела се системот со партиски листи и системот на поединечен пренослив глас.

---

[14] Постојат повеќе варијации на различните изборни формули. Во текстот се објаснети најчесто користените варијации.

[15] Ибид, стр. 4

### 1.2.1 Пропорционален изборен систем со партиски листи

Според овој изборен систем, секоја партија што учествува на избори нуди своја листа на кандидати. Бројот на кандидатите на секоја листа е еднаков на бројот на мандатите што се достапни во изборната единица[16]. По завршувањето на гласањето, бројот на мандатите што секоја партија ќе ги добие се пресметува според една од изборните формули, односно секоја партија добива места во претставничкиот дом во пропорција со нејзините изборни резултати.

Изборниот систем со партиски листи е најчесто применуваниот изборен систем денес. Овој изборен систем е доста популарен во земјите што претходно имаа социјалистичко уредување. Во сите овие земји се применува одредена варијација на пропорционалниот изборен систем со партиски листи, разликувајќи се според големината на изборната единица, типот на партиските листи, изборната формула, употребата на изборниот праг, итн.

### 1.2.2 Системот на поединечен пренослив глас

Овој изборен систем претставува уште еден изборен систем што употребува преференцијално гласање. Според овој изборен систем, државата се дели на неколку повеќемандатни изборни единици, а секоја од партиите номинира онолку кандидати колку што има достапни мандати во секоја изборна единица (кандидатите може да бидат групирани во една партиска листа или секој кандидат индивидуално). При гласањето, избирачите ги подредуваат кандидатите според својата преференција (број 1 за првиот избор, број 2 за вториот, итн.). Потоа се одредува изборна формула, најчесто Дроповата квота, според која се утврдува минималниот број гласови што еден кандидат треба да ги добие за да освои пратенички мандат. Кога одреден кандидат ќе ја достигне квотата, останатите негови гласови се префрлуваат на наредната преференција. Доколку по пребројувањето на гласовите останат нераспределени мандати, како во случајот со системот на алтернативен глас, кандидатот со најмалку гласови се елиминира, а неговите гласови се прераспределуваат според наредната преференција, и така натаму сè додека не се распределат сите мандати.

Еден од главните недостатоци на овој модел, а веројатно и причината зошто моделот се користи само во мал број случаи (за избор на пратеници во Република Ирска, Малта и во Горниот Дом на Парламентот на Австралија), е тоа што се смета дека системот е многу комликуван за разбирање од страна на електоратот[17], како и многу сложен во однос на пребројувањето на гласовите.

## 1.3 МЕШОВИТИ ИЗБОРНИ СИСТЕМИ

Во обид да се искомбинираат предностите од мнозинските и од пропорционалните изборни системи, експертите за изборни системи за време на втората половина на дваесеттиот век развија едни нови хибридни системи, популарно

[16] Во ретки случаи, бројот на кандидати на листите може да биде и помал од бројот на достапните мандати во изборната единица.
[17] Каракамишева, Т. *„Избори и изборни системи“*. Скопје, 2004, стр. 103

наречени мешовити изборни системи, кои претставуваат комбинација на одредени мнозински и пропорционални системи.

Мешовитите изборни системи може да се класифицираат во две главни групи: **меѓусебнонезависни системи** и **меѓусебнозависни системи**. Во рамките на меѓусебнонезависните системи, познати како паралелни системи, резултатот во едната компонента нема влијание врз резултатот во другата, односно дел од пратениците се избираат преку мнозински изборен систем, а другиот дел преку пропорционален сосема независно (паралелно) еден од друг. Од друга страна, во меѓусебнозависните системи (кои се сметаат за „вистински“ мешовити изборни системи) резултатите во едната компонента имаат влијание врз другата компонента, односно мнозинската и пропорционалната компонента на системот се меѓусебно поврзани.[18]

### 1.3.1 Паралелен изборен систем

Паралелниот изборен систем претставува таков тип изборен систем во кој два различни вида изборни системи, мнозински и пропорционален, се имплементирани паралелно и независно еден од друг, односно резултатите во едниот систем немаат влијание врз резултатите во другиот. Според овој систем, дел од пратениците се избираат преку мнозинскиот изборен систем, а останатиот дел преку пропорционалниот систем. Начинот на кој се комбинираат двете компоненти на изборниот систем варира од случај до случај. Овој тип изборен систем се применува при парламентарните избори во Јапонија, Мексико, Јужна Кореја и во други земји.

Во однос на примената на паралелниот модел, неговото влијание е поврзано со односот помеѓу двете компоненти што го сочинуваат системот. Ако доминира мнозинскиот модел, тогаш влијанието од примената на паралелниот систем е слично како и во случајот на мнозинскиот систем и обратно. Воведувањето на паралелниот модел претставува обид да се намалат недостатоците од примената на класичните мнозински и пропорционални изборни системи. Овој модел, поради пропорционалната компонента, покажува поголема пропорционалност на изборните резултати во однос на освоените гласови отколку што е тоа случајот со мнозинските модели. Исто така, шансите за влез на помалите партии во законодавниот дом, за разлика од мнозинските системи, се поголеми доколку овие партии успеат да соберат доволно гласови во рамките на пропорционалната компонента. Во однос на пропорционалните системи, овој модел покажува поголема стабилност на мнозинството и поефикасно одлучување поради помалата фрагментираност на политичката сцена, што е резултат на доминацијата на големите партии во рамките на мнозинската компонента на моделот.

### 1.3.2 Мешовит систем со дополнително претставување (германски модел)

Според овој изборен систем, гласачите за време на изборите гласаат на две избирачки ливчиња. На првото, секој од гласачите го дава својот глас за

[18] Норис, П. *„Изборен инженеринг: Правила на гласање и политичко однесување“*, Кембриџ, 2004, стр. 55

еден од кандидатите во едномандатни изборни единици. Победникот во овие единици се одлучува според еден од мнозинските изборни системи, најчесто изборниот систем со плурално мнозинство, односно мандатот го добива оној кандидат што ќе освои најмногу гласови. На второто ливче, гласачите го даваат својот глас за една од партиските листи, во неколку повеќемандатни изборни единици или, во одредени случаи, во целата држава како една изборна единица. Резултатите од вторите гласачки ливчиња се пресметуваат со примена на пропорционалниот изборен систем со партиски листи и го одредуваат конечниот број мандати што ќе ги добие секоја од партиите на крајот од изборниот процес. По пребројувањето на гласовите, секоја партија добива онолку дополнителни претставнички места колку што е разликата помеѓу бројот на освоените места во едномандатните единици и бројот на места колку што партијата би требало да освои според пропорционалното гласање. Како пример, доколку одредена партија освои 15 места преку гласањето во едномандатните единица, но ѝ следуваат 20 места според гласањето на партиските листи, на таа партија ќе ѝ бидат додадени 5 места за да стигне до бројката од 20 мандати во парламентот.

### 1.3.3 Систем на поединечен непренослив глас

Овој мешовит изборен систем ги презема од пропорционалните системи повеќемандатните изборни единици, а од мнозинските системи плуралното мнозинство потребно за кандидатите да освојат претставничко место. Тоа што е интересно за овој систем е податокот дека една партија може да понуди повеќе од еден кандидат во дадена изборна единица, па така кандидатите од истата партија се натпреваруваат еден против друг. Избирачот има право да го даде својот глас за само еден кандидат. По пребројувањето на гласовите, оние кандидати што имаат освоено најмногу гласови (толку кандидати колку што има достапни мандати), ги добиваат мандатите во претставничкиот дом.

Постојат неколку варијации на овој изборен систем, како што се системот на кумулативно гласање, системот на лимитирано гласање и системот на блок-гласање.

Овој систем првпат е спроведен на изборите во Јапонија во 1925 година.[19] Денес системот на поединечен непренослив глас и неговите варијации се применуваат во Авганистан, Кувајт, Либија и во други земји вклучувајќи многу мали островски земји како Филипини, Маврициус и други.

[19] Каракамишева, Т. *„Избори и изборни системи“*, Скопје, 2004, стр. 79

## 2. МОЖНОСТА ЗА ПРОМЕНА НА ИЗБОРНИОТ МОДЕЛ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Пропорционален изборен систем со партиски листи се применува при изборот на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија почнувајќи од парламентарните избори во 2002 година, па до денес. Во согласност со изборното законодавство[20], на парламентарните избори се избираат 120 пратеници, со употреба на Донтовата изборна формула за пресметување на резултатите, при што државата е поделена на шест изборни единици и во секоја се избираат по 20 пратеници. Дополнително, во 2011 година беше воведено таканареченото „гласање на дијаспората“, со додавање дополнителни три изборни единици надвор од територијата на Република Македонија, од кои се избираше по еден пратеник од секоја изборна единица, со примена на изборниот систем со плурално мнозинство. Во 2016 година трите изборни единици надвор од територијата на Република Македонија беа обединети во една изборна единица, при што од таа изборна единица се избираат до три пратеника со помош на пропорционалниот систем, со тоа што изборот на овие пратеници е условен со освојување на минимален број на гласови, потребен за освојување на мандат во една од шесте изборни единици.

### 2.1 ВЛИЈАНИЕТО ОД ПРОМЕНАТА НА РАЗЛИЧНИТЕ КОМПОНЕНТИ НА ПРОПОРЦИОНАЛНИОТ ИЗБОРЕН МОДЕЛ СО ПАРТИСКИ ЛИСТИ

Најзначајната карактеристика на пропорционалните изборни системи со партиски листи е поттикнувањето на формирањето повеќепартиски системи, што многу често доведува до формирање коалиции и коалициски влади. Од една страна, тоа се смета како предност бидејќи повеќепартиските системи и формирањето широки коалициски влади водат кон застапеност на интересите на многу различни групи во општеството во рамките на парламентот и во владата[21]. Од друга страна, тоа може да се смета и како недостаток на изборниот систем, со оглед на тоа дека големиот број партии и широките владини коалиции често знаат да доведат до дестабилизација на политичката сцена, како и до формирање нестабилни влади кои имаат проблем ефективно да донесуваат значајни одлуки.

Како други предности на овој изборен систем се сметаат:

- Теоретски, ниту една партија, голема или мала, не би требало да биде фаворизирана од страна на овој систем, односно секоја партија би

[20] Изборен законик („Службен весник на Република Македонија“, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18/, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20)

[21] Ова е од особено значење за таканаречените поделени општества.

добила онолкав дел од мандатите колку што ужива поддршка во општеството.

- Со оглед на големите повеќемандатни изборни единици, се отежнува преовладувањето на локалните и на регионалните интереси наспроти општите и државните.
- Се олеснува можноста жените и кандидатите на малцинските групи да добијат мандат.[22]
- Има многу малку загубени гласови.

Покрај можноста за нестабилност на владините коалиции и на целокупниот политички систем, други недостатоци на овој изборен систем се:

- Поради големината на повеќемандатните изборни единици, се нарушува директната поврзаност на електоратот со неговите претставници во парламентот.[23]
- Олеснување на можноста за постоење екстремни и радикални политички партии, чијшто пат кон претставничките мандати е полесен отколку кај мнозинските изборни системи.
- Централизација на моќта во политичките партии, со оглед на тоа дека најчесто кандидатските листи ги составуваат раководствата на партиите.
- Можноста непопуларни кандидати постојано да добиваат претставнички мандати само затоа што се наоѓаат на кандидатските листи.

Треба да се спомне дека предностите и недостатоците на пропорционалните изборни системи со партиски листи во голема мера зависат од изборната формула што ја применуваат, големината на изборните единици, типот на кандидатските листи, висината на изборниот праг и други фактори. Ниту една комбинација од овие фактори не може да обезбеди целосна пропорционалност на резултатите, односно секој изборен систем на некој начин ја нарушува пропорционалноста на изборните резултати и секогаш некој има поголема корист од другите.[24]

### 2.1.1 Симулација на изборните резултати од 2020 година со промена на компонентите на пропорционалниот модел со партиски листи

#### Методологија на истражувањето

За потребите на докажување на хипотезите во однос на пропорционалниот модел со партиски листи беа спроведени неколку симулации на резултатите од парламентарните избори во 2020 година, со задржување на пропорционалниот изборен модел, но со менување на одредена негова компонента. Со тоа беше разгледуван ефектот врз постигнатите резултати на изборите, во случај кога одредена компонента на изборниот модел би била поинаква.

Во однос на изборните единици, беше направена симулација на освоените пратенички мандати, со тоа што територијата на Република Северна Македонија беше земена како една изборна единица место постојните шест. За таа цел, беа собрани гласовите на секоја политичка партија од шесте изборни единици од

[22] Хејвуд, Е. *„Политика“*. Бејсингстоук, 2007, стр. 263

[23] Каракамишева, Т. *„Избори и изборни системи“*. Скопје, 2004, стр. 90-91

[24] Фарел, Д. *„Изборни системи: Компаративен вовед“*. Њујорк, 2001, стр. 12

територијата на државата, со што се доби вкупниот збир на гласови освоени од страна на партиите на изборите во 2020 година. Потоа, со помош на Донтовата изборна формула беа распределени 120 пратенички мандати кои би се доделиле од единствената изборна единица од територијата на државата. Вака добиената распределба на мандати беше споредена со оригиналната распределба.

Во однос на промената на изборната формула беше направена симулација на резултатите од 2020 година со употреба на трите најчесто користени изборни формули за пресметување на мандатите во зависност од изборните резултати: Донтова формула, Сент-Лагиева формула и Харе квота. При симулацијата беа задржани истите правила за собирање на резултатите како и постојните, со тоа што на крајот, место со Донтовата формула, распределбата на мандатите во секоја изборна единица беше направена со Сент-Лагиевата формула и со Харе квотата. Дополнително, резултатите беа симулирани со промена на изборната формула, со тоа што територијата на Република Северна Македонија беше земена како една изборна единица место постојните шест.

Во однос на изборниот праг, резултатите од 2020 година беа симулирани со изборни прагови од 5 % и од 3 %. Во согласност со правилата, гласовите на оние партии што не го постигнале минималниот процент на гласови, не беа земени предвид при распределбата на мандатите. Многу е важно да се спомне дека изборниот праг може да биде поставен на национално ниво или, во многу поретки случаи, на ниво на секоја изборна единица одделно. Резултатите беа симулирани со воведување изборен праг прво на национално ниво, а потоа и на ниво на изборни единици. Дополнително, беше направена симулација на резултатите со воведување изборен праг со тоа што територијата на Република Северна Македонија беше земена како една изборна единица место постојните шест.

Во рамките на анализата беше направено разграничување на политичките партии на големи и на мали. За големи се сметаат политичките партии односно предизборни коалиции, што на изборите освоија пет или повеќе пратенички мандати, односно имаа можност самостојно да формираат пратеничка група во Собранието, додека за мали се сметаат тие што освоија помалку од пет пратеника.

### Резултати и заклучоци од истражувањето

Првиот фактор што беше земен предвид при анализата на изборните резултати од 2020 година беше промената на бројот на изборните единици, од постојните шест на една изборна единица. Конечната распределба на пратеничките мандати во Собранието на Република Северна Македонија би се разликувала за четири мандати, односно четири пратенички мандати што ѝ припаднале на една партија/коалиција би ѝ припаднале на друга доколку територијата на целата држава би била една изборна единица, наспроти постојните шест. Од друга страна, менувањето на бројот на изборните единици не би донело и промена во однос на победничката партија/коалиција (партијата/коалицијата што освоила најмногу пратенички мандати). И двете најзастапени партии во Собранието губат по еден мандат, но разликата помеѓу нив останува иста.




Она што е највпечатливо при ваквата промена е претпоставката за формирање широка владина коалиција, со оглед на тоа дека какво било парламентарно мнозинство би претпоставувало вклученост на неколку партии/коалиции. Актуелното мнозинство составено од пратениците што се дел од коалицијата на СДСМ, ДУИ и ДПА (вкупно 61 пратеници) не би било доволно во една ваква поставеност на изборните елементи.

Најголеми добитници од ваквата промена во изборниот модел се малите партии. Доколку територијата на целата држава би претставувала една изборна единица, резултатите покажуваат дека поголемите партии би загубиле четири мандати во однос на малите. Најзабележителна е разликата кај политичката партија Левица, која би освоила пет мандати место сегашните два. Дополнително, една изборна единица би ги зголемила шансите за влез на повеќе партии во законодавниот дом. Во Собранието би влегле седум партии или коалиции место шесте што успеаја да влезат на изборите во 2020 година. Во тој случај еден пратенички мандат би успеала да освои и партијата Интегра. Причината за ова е тоа што во рамките на едната изборна единица не се прави разлика помеѓу регионално силните партии и оние чијашто поддршка е еднакво распределена на национално ниво.

Олеснувањето на влезот во законодавниот дом значително би ги охрабрило партиите што ги застапуваат интересите на помалобројните етнички заедници во државата самостојно да настапуваат на изборите, наместо досегашната практика на припојување кон еден од двата најголеми политички субјекти и лесно откажување од сопствените позиции на сметка на добивање место во Собранието. Така, според анализата на Здружението за развој на ромската

заедница, СУМНАЛ, „една изборна единица ќе даде поголеми шанси на помалите партии, и пред сè, на партиите на помалобројните етнички заедници во која спаѓаат и Ромите, сами да ги избираат своите претставници, а не тие да бидат дел од коалиционите листи на големите партии“.[25]

Промената во една изборна единица покажува најдобри резултати во однос на пропорционалноста во изборните резултати наспроти добиените гласови и намалувањето на бројот на „изгубени“ гласови. Диспропорционалноста беше најзабележителна во однос на постигнувањата на коалицијата АА/А и партијата Левица. Со шест изборни единици, коалицијата АА/А има освоено шест пати повеќе мандати од Левица (12 наспроти 2), иако има освоено нешто повеќе од двојно гласови (81.620 наспроти 37.426). Со една изборна единица, соодносот на мандати би бил 11 наспроти пет, што подобро го отсликува соодносот на гласови. Во однос на двете најголеми етнички заедници, промената од шест на една изборна единица би значело дека бројот на пратеници што доаѓаат од партиите што се со предзнак „албански“ би се намалил за два во однос на бројот на пратеници што доаѓаат од партиите што се со предзнак „македонски“. Тоа е резултат на, пред сè, пониския одѕив во изборната единица шест, каде што традиционално добиваат најмногу мандати партиите на етничките Албанци.

Вториот фактор што беше разгледуван е промената на изборната формула, во однос на трите најчесто користени изборни формули за пресметување на мандатите во зависност од изборните резултати: Донтовата формула, Сент-Лагиева формула и Харе квота.




[25] СУМНАЛ – Здружение за развој на ромската заедница. „Анализа на програмите на политичките партии и застапеноста на Ромите и ромските прашања во Република Македонија“. Достапно на: https://sumnal.mk/wp-content/uploads/2017/11/Analiza-na-programite-na-politickite-partii-i-zastapenost-na-romite-i-romskite-prasanja.pdf, Скопје, 2016, стр. 5 (пристапено на 23.3.2021)

Анализирајќи ги резултатите од симулацијата, заклучокот е дека употребата на Сент-Лагиевата формула и на Харе квотата дава идентични резултати на симулацијата на резултатите од 2020 година. Сепак, во споредба со Донтовата формулата, која се користи за пресметувањето на мандатите кај нас, може да се забележат извесни разлики во однос на постигнувањата на малите партии наспроти големите. Промената на изборната формула би донела дополнителни четири мандати за партијата Левица, на сметка на двете најзастапени партии кои би загубиле по два мандати. Со тоа се потврдува претпоставката дека Донтовата формула ги фаворизира големите партии, односно партиите што имаат освоено голем број гласови. Причината е во тоа што Донтовата формула ги зема предвид сите највисоки количници на партиите (резултатите се делат со 1, 2, 3, итн.), додека Сент-Лагиевата формула секој втор највисок количник (1, 3, 5, итн.). На тој начин кај Сент-Лагиевата формула големите партии „лицитираат" за мандатите со помал број високи количници, со што се олеснува можноста за помалите партии да добијат мандат. Ова е единствената разлика што се забележува во однос на резултатите доколку се промени изборната формула.

Ваквите резултати би имале сличен ефект како и промената во една изборна единица, односно би претпоставувало формирање широка владина коалиција, со оглед на тоа дека какво било парламентарно мнозинство би претпоставувало вклученост на неколку партии/коалиции. Сите други аспекти, вклучително бројот на партии/коалиции што би влегле во законодавниот дом, победничката партија на изборите и поделбата на мандатите по етничка линија, не би претрпеле промени.



Доколку се комбинираат двата фактори, односно големината на изборната единица и изборната формула, тогаш се добиваат резултати што се најповолни за малите партии. Пример за тоа се партии ДПА и Интегра, кои во една ваква поставеност на изборните елементи би добиле по два пратенички мандати. Левица би освоила дополнителни три мандати и би имала вкупно пет. Исто така, се зголемува и бројот на партии/коалиции што би влегле во Собранието, со тоа што и партијата Интегра би била застапена во законодавниот дом. Во однос на двете најзастапени партии, се забележува дека и двете партии губат по два мандата, но разликата помеѓу нив останува иста. Намалувањето на бројот на пратеници што им припаѓаат на големите партии, како и поголемиот број на партии/коалиции што би влегле во законодавниот дом, претпоставува и поголема комбинаторика при формирањето мнозинство во Собранието.

Третиот фактор што беше разгледуван е воведувањето изборен праг, односно минимален процент од вкупните гласови што една партија мора да ги освои за да има можност да добие мандат. Резултатите од 2020 година беа симулирани со изборни прагови од 5 % и 3 %, на национално ниво и на ниво на изборни единици. Воведување изборен праг од 3 % на ниво на изборните единици воопшто не ги менува резултатите од изборите, односно сите партии што влегоа во Собранието го имаат постигнато минималниот праг од 3 % на ниво на изборни единици. Од друга страна, изборен праг од 3 % на национално ниво ја исклучува партијата ДПА од распределбата на мандатите и нејзиниот мандат би одел кај коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Прагот од 5 % на национално ниво, покрај ДПА, ја елиминира и партијата Левица од распределбата на мандатите. СДСМ, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ би добиле по еден од мандатите на Левица и на ДПА.



Доколку прагот од 5 % е поставен на ниво на изборни единици, Левица би загубила еден од своите мандати, кој би ѝ припаднал на СДСМ. Тоа е случајот во третата изборна единица, каде што Левица не го исполнува условот од 5 %, додека во првата изборна единица оваа партија би го задржала мандатот. ДПА го задржува својот мандат освоен во шестата изборна единица бидејќи освоила повеќе од 5 % од гласовите во оваа изборна единица.




Генерално гледано, воведувањето изборен праг, без разлика дали е на национално ниво или на ниво на изборни единици, значително ги намалува шансите на малите партии за влез во законодавниот дом. На тој начин се произведуваат и голем број „загубени“ гласови, а тоа се преку 80.000 гласа што би им припаднале на партиите што не би успеале да влезат во Собранието. Од една страна, тоа би го олеснило процесот на формирање мнозинство, но, од друга страна, ја отвора можноста дел од интересите на многу различни групи во општеството да не бидат застапени во законодавниот дом.

Воведувањето изборен праг на ниво на изборни единици, а не на национално ниво, е поповолна варијанта за партиите чијашто поддршка е сконцентрирана во една изборна единица, како што е случајот со ДПА во шестата изборна единица. Во однос на победничката партија на изборите, како и на поделбата на мандатите по етничка линија, резултатите покажуваат дека изборниот праг нема некое значајно влијание.

Доколку се комбинираат двата фактори, односно големината на изборната единица и изборниот праг, тогаш се добиваат резултати што се најповолни за најголемите партии. Една изборна единица и изборен праг од 5 % целосно ги елиминираат малите партии, додека двете најголеми партии се наградуваат со

по два дополнителни мандати. Но, треба да се има предвид дека разликата помеѓу нив останува иста.




Воведувањето каков било изборен праг на национално ниво, без разлика дали се работи за една изборна единица или повеќе, ги елиминира најмалите партии и го намалува бројот на партиите/коалициите што би успеале да освојат мандат.

Последниот фактор што беше анализиран е промената на типот на изборните листи - од затворени во отворени листи. Притоа треба да се спомне дека постојат различни видови отворени листи, меѓу кои најпознати се отворената листа со една преференција, каде што гласачите најпрво го даваат својот глас за партиската листа што ја фаворизираат, а потоа од листата избираат еден кандидат што сметаат дека треба да го добие мандатот; отворената листа со повеќе преференции, каде што гласачите најпрво ја избираат партијата што сметаат дека треба да победи, а потоа ги даваат своите преференции на оние кандидати за кои би сакале да добијат место во претставничкиот дом; и слободната листа, според која гласачите се слободни во својот избор и може да ги рангираат, односно да гласаат за кандидати не само од една листа, туку и од различни партиски листи, да дадат повеќе од еден глас за истиот кандидат, да дисквалификуваат одреден кандидат од листата, или во одредени случаи да формираат сосема нова листа од кандидатите што ги преферираат. Со оглед на сложеноста на останатите видови, препорачливо е доколку се одлучи да се оди на промена на типот на изборните листи, првиот чекор да биде направен со воведување отворени изборни листи со една преференција.

Она што треба да се спомне е дека промената во однос на типот на изборните листи нема да донесе промени во распределбата на мандатите

помеѓу партиите/коалициите. Промените би требало да се материјализираат во рамките на самите партии/коалиции, каде што отворените листи би донеле зголемена конкуренција помеѓу кандидати од иста партија, со што би се поттикнал развојот на демократските процеси во државата. Конкуренцијата во рамките на политичките партии ги зголемува слободата и диверзификацијата на мислења и идеи во рамките на партиите. Тоа би довело до извесна децентрализација на моќта во политичките партии, односно намалување на моќта на лидерите и на највисоките раководства при креирањето на изборните листи. На тој начин би се намалиле и шансите за добивање мандат од страна на непопуларни кандидати, кои постојано се наоѓаат на кандидатските листи само поради нивната послушност и блискост до раководството. Исто така, со помош на отворените листи, гласачите би имале и многу поголем избор, не само во избирањето на партијата, туку и на кандидатите, со што се зајакнува врската помеѓу пратениците и гласачите. Сепак, примената на отворени партиски листи има и свои недостатоци. Конкуренцијата, не само помеѓу партиите, туку и помеѓу кандидатите во самите партии, ќе ја намали партиската дисциплина и ќе доведе до внатрешни конфликти и поделеност во самата партија[26]. Оние кандидати што би добиле најмногу гласови (преференции) од електоратот, би имале тенденција да покажуваат поголема лојалност кон гласачите отколку кон лидерите и раководствата на партиите. На тој начин би дошло до извесно преовладување на индивидуалните интереси наспроти општите и државните, со оглед на блискоста на кандидатите со своите избирачи. Оваа тенденција, иако би била позитивна за демократските текови во општеството, уште повеќе би ги отежнала процесот на формирање парламентарно мнозинство и донесувањето на значајни одлуки во законодавниот дом. Во општество како нашето, кое е поделено по неколку основи, дополнителната конкуренција би довела до уште посложени процеси на преговарање и политичко пазарење. Дополнително, отворените листи, освен што би донеле тешкотии за влез во парламентот на кандидатите што се жени, значително би ги намалиле и шансите на кандидатите што се припадници на помалите етнички заедници во рамките на листите на широките коалиции, како во случаите со коалициите предводени од СДСМ и од ВМРО-ДПМНЕ. Треба да се спомне дека системот со отворени листи е и покомпликуван во однос на пресметувањето на изборните резултати и доделувањето на мандатите, а бара и од гласачите да ги познаваат повеќето кандидати од изборните листи.

---

[26] *„Изборни системи“*. Официјална интернетска страница на Мрежата на изборно знаење. Достапно на http://aceproject.org/ace-en/topics/es/esd/esd02/esd02e/esd02e03 (пристапено на 9.3.2021)

Во однос на менувањето на компонентите на пропорционалниот модел, може да се заклучи дека, доколку целта е секоја партија/коалиција да добие онолкав дел од мандатите колку што ужива поддршка во општеството и што е можно повеќе да се намали бројот на изгубени гласови, најповолна комбинација е кога територијата на целата држава е една изборна единица, без изборен праг и со употреба на Сент-Лагиевата формула или Харе квотата за пресметување на мандатите. Од друга страна, доколку е целта да се формира стабилно мнозинство кое нема проблеми ефективно да носи одлуки, тогаш најповолна комбинација е кога територијата на целата држава е една изборна единица, со изборен праг од 5% на национално ниво и употреба на Донтовата формула за пресметување на мандатите.

Менувањето на типот на изборните листи нема да донесе промени во конечната распределба на мандатите помеѓу партиите/коалициите, но ќе влијае на конкуренцијата и демократизацијата во рамките на партиите. Доколку е намерата да се намали централизираноста на политичките партии, да се стимулира внатрепартиската демократија и да се зајакне врската помеѓу пратениците и гласачите, тогаш подобра опција се отворените листи. Но, доколку се става поголем акцент на стабилноста на мнозинството и ефективноста на донесувањето на одлуките, тогаш се препорачува да се задржат затворените листи.

## 2.2 ВЛИЈАНИЕТО ОД ПРОМЕНАТА НА ИЗБОРНИОТ СИСТЕМ СО ВОВЕДУВАЊЕ МНОЗИНСКИ МОДЕЛ СО ПЛУРАЛНО МНОЗИНСТВО

Најзначајната карактеристика на мнозинскиот изборен систем со плурално мнозинство е фаворизацијата на големите политички партии што на подолг рок придонесува за воспоставување двопартиски систем. Од една страна, тоа се смета како предност на изборниот систем бидејќи на тој начин се придонесува за формирање стабилна еднопартиска влада, која лесно успева да го обезбеди потребното мнозинство за донесување одлуки, како и кохерентна парламентарна опозиција. Од друга страна, истото тоа може да претставува и недостаток на системот со оглед на тоа дека води кон маргинализација на помалите партии и на партиите на малцинствата.

Како други предности на овој систем се сметаат:

- Едноставноста на неговата примена, односно системот е лесен за разбирање, а гласањето е едноставно.[27]
- Поврзаноста на кандидатите со своите гласачи, со оглед на тоа дека изборниот процес се одвива во мали едномандатни изборни единици, односно избирачите ги познаваат своите кандидати и имаат можност за почеста комуникација со нив, што придонесува избирачите често да го даваат својот глас за одредена личност, а не за партијата што стои зад таа личност.

[27] Каракамишева, Т. *„Избори и изборни системи“*. Скопје, 2004, стр. 65

- Маргинализацијата на малите радикални групи во општеството кои не можат да се натпреваруваат со големите партии и тешко успеваат да обезбедат место во парламентот.[28]

Од друга страна, покрај маргинализацијата на малите партии и на партиите на малцинствата, како недостатоци на овој систем се спомнуваат:

- Диспропорционалноста во вкупните изборни резултати наспроти добиените гласови, односно одредена партија може да победува со многу мала разлика во изборните единици, но да има огромно мнозинство во парламентот, или обратно[29]; често се доведува во прашање и самиот легитимитет на владата имајќи предвид дека речиси секогаш партијата што има мнозинство во парламентот нема добиено мнозинство гласови на изборите, туку најчесто има поддршка од околу 25-30 % од вкупниот број избирачи поради што некои автори сметаат дека овие системи продуцираат „малцински“ влади.[30]
- Големиот број „загубени“ гласови, со оглед на тоа дека гласовите дадени за кандидатите што не освоиле мандат, го губат своето значење.
- Подредената улога на парламентот во однос на стабилната еднопартиска влада која ги донесува клучните одлуки.
- Преовладувањето на локалните и на регионалните интереси наспроти општите и државните, со оглед на малите едномандатни изборни единици и блискоста на кандидатите со своите избирачи.
- Создавањето т.н. „регионални феуди“, односно изборниот систем ги наградува регионално силните партии што немаат голема поддршка на национално ниво, а ги казнува партиите со поголема поддршка на национално ниво, но чијашто поддршка е многу малку регионално концентрирана.[31]

### 2.2.1 Симулација на изборните резултати од 2020 година со примена на мнозинскиот модел со плурално мнозинство

#### Методологија на истражувањето

За потребите на докажување на хипотезата во однос на мнозинскиот модел со плурално мнозинство беше спроведена симулација на изборните резултати од последните парламентарни избори со примена на следнава методологија: Секоја од постојните шест изборни единици беше поделена на 20 речиси еднакви едномандатни изборни единици. При одредувањето на границите на изборните единици, освен на бројноста на гласачите, се внимаваше и на традиционалната и на географската поврзаност на избирачките места во рамките на една изборна единица. На тој начин целата територија на државата беше поделена на 120 изборни единици, од која секоја носи по еден пратенички мандат. При кроењето на изборните единици, предвид се зема бројот на

[28] Хејвуд, Е. *„Политика“*. Бејсингстоук, 2007, стр. 257

[29] Имало и такви случаи кога партијата што има освоено најмногу вкупни гласови на изборите, нема освоено најмногу мандати во парламентот.

[30] Хејвуд, Е. *„Политика“*. Бејсингстоук, 2007, стр. 257

[31] Каракамишева, Т. *„Избори и изборни системи“*. Скопје, 2004, стр. 65

запишани гласачи, а не бројот на лица што гласале на изборите, со цел да се факторира и реалниот одзив на секое од избирачките места. Потоа, со собирањето на гласовите на секоја партија/коалиција во замислените едномандатни единици, се одредуваше партијата/коалицијата што би го освоила потребното плурално мнозинство (најмногу гласови во однос на останатите кандидати). На тој начин, со користење на реалните резултати од изборите, беа распределени сите 120 мандати од пратеничкиот состав.

Треба да се има предвид дека кај мнозинските изборни системи, значајна улога играат и самите кандидати што се предложени од страна на партијата. Со оглед на тоа дека е невозможно да се одреди кои кандидати би биле предложени и во која изборна единица, овој фактор не беше земен предвид при изработката на симулацијата. Во принцип, овој фактор не би требало да донесе позначителни промени во конечната распределба, со оглед на тоа дека во рамките на партиите се постигнува еден вид рамнотежа во однос на квалитетот (популарноста) на сите предложени кандидати.

**Резултати и заклучоци од истражувањето**

Споредувајќи ги добиените резултати од симулацијата на парламентарните избори во 2020 година во случај на примена на мнозински изборен модел со плурално мнозинство со резултатите од одржаните избори со примена на пропорционалниот модел со партиски листи, може да се забележат интересни трендови.




Промената во изборниот модел значи и промена во однос на победничката партија/коалиција (партијата/коалицијата што освоила најмногу пратенички мандати). Во случај на мнозински изборен модел, на изборите во 2020 година најмногу мандати би освоила коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, а не

коалицијата предводена од СДСМ. Тоа претставува диспропорционалност на изборните резултати наспроти добиените гласови, со оглед на тоа дека ВМРО-ДПМНЕ на изборите би освоила пет мандати повеќе и покрај тоа што на изборите добила околу 12.000 гласа помалку. Тоа се должи на тоа што во одредени изборни единици оваа партија победува со многу мала разлика, но поради изборниот модел, мандатот го добива кандидатот што ќе освои мнозинство, без разлика дали се работи за еден или за 1.000 гласа. Дополнително, во прилог на оваа коалиција ѝ оди и добрата географска групираност на нејзините гласачи, што ѝ овозможува да има значително помал број загубени гласови од своите конкуренти. Тоа е најизразено на територијата на изборната единица 6, во која ВМРО-ДПМНЕ би освоила два мандати повеќе од СДСМ, а има добиено околу 8.500 гласа помалку. Разликата се должи на концентрираноста на гласачите во неколку општини, за разлика од порамномерната застапеност на гласачите на СДСМ во сите општини.







Диспропорционалност во изборните резултати наспроти добиените гласови се забележува и во однос на постигнувањата на ДУИ и на коалицијата АА/А. Со мнозински изборен модел ДУИ би добила двојно повеќе мандати од АА/А (18 наспроти девет), иако разликата во гласови е околу 23.000 гласа (104.699 наспроти 81.620).

Една од главните причини поради кои настанува диспропорционалноста е големиот број „загубени“ гласови, односно гласовите дадени за кандидати што не освоиле мандат. Тоа е особено забележително во оние изборни единици каде што победничкиот кандидат победува со многу мала разлика во однос на

противкандидатот. Како пример би се зеле гласовите на Левица, чиишто повеќе од 37.000 гласа би пропаднале. На ниво на општина, има повеќе примери на партии што не освојуваат мандат и покрај тоа што добиле околу 10.000 гласа. Поголемиот број загубени гласови кај СДСМ и кај АА/А наспроти ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ се отсликува во конечната распределба на мандати.







Бројот на политички партии/коалиции што би освоиле барем еден пратенички мандат во Собранието се намалува од шест на четири. Овој изборен модел речиси целосно ги елиминира малите партии и независните кандидати земајќи предвид дека ниту една од малите партии не би била ни блиску до освојување мандат на изборите во 2020 година. Единствен начин за освојување мандат за една мала партија при ваков изборен модел би било доколку има значителна концентрација на своите гласачи во една изборна единица, односно создавање т.н. „регионални феуди“[32]. Во однос на помалите партии, овој изборен модел ги наградува регионално силните партии што немаат голема поддршка на национално ниво, а ги казнува партиите со поголема поддршка на национално ниво, но чијашто поддршка е многу малку регионално концентрирана. Во согласност со ова, со оглед на поголемата концентрација на гласачите во еден помал географски регион (изборната единица 6), ДПА има многу повеќе шанси да освои мандат од Левица, и покрај тоа што Левица има освоено околу 24.000 повеќе гласови на ниво на државата.




[32] Ибид, стр. 65

Ваквиот изборен модел би донел извесни шанси за партиите на помалите етнички заедници да освојат мандат самостојно доколку нивната поддршка е сконцентрирана во едно географско подрачје. Ваков пример би можела да биде ромската заедница во општината Шуто Оризари. Помалите изборни единици, за разлика од големите повеќемандатни единици, даваат поголеми шанси за овие партии, со оглед на тоа дека во рамките на големите изборни единици поддршката од електоратот за географски концентрираните партии се претопува во масата од гласови.

Во однос на двете најголеми етнички заедници, промената од пропорционален во мнозински систем нема големо влијание во однос на распределбата на мандати, односно бројот на пратеници што доаѓаат од партии што се со предзнак „албански“ би се намалил само за еден во однос на бројот на пратеници што доаѓаат од партиите што се со предзнак „македонски“.




Со оглед на изразениот етнички карактер на политиката во нашето општество, практично, претставува невозможно да се материјализира најзначајната карактеристика на изборниот систем со плурално мнозинство, а тоа е воспоставувањето двопартиски систем, што би придонело за формирање стабилна еднопартиска влада, која го има потребното мнозинство за донесување одлуки. Резултатите од симулацијата ја отсликуваат фактичката состојба на постоење два паралелни двопартиски системи, чиишто победници коалицираат за да ја формираат владата.

### 2.3 ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА И ДИСКУСИЈА ВО ОДНОС НА МОЖНОСТА ЗА ПРОМЕНА НА ИЗБОРНИОТ МОДЕЛ ЗА ИЗБОР НА ПРАТЕНИЦИ ВО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Анализата на резултатите од парламентарните избори во 2020 година укажува на тоа дека постојниот изборен модел е наклонет кон големите партии, односно го намалува бројот на мандатите освоени од страна на помалите партии, како и го отежнува влезот на партиите во законодавниот дом. Наодите од анализата на изборните резултати, со менување одредена компонента на сегашниот модел или пак, со воведување нов мнозински систем, покажуваат различни тенденции во однос на конечната распределба на мандатите. Не би можело да се каже која од понудените алтернативи е најсоодветна за примена во нашата држава, односно изборот на еден модел и комбинацијата на неговите

компоненти во голема мера зависи од ефектот којшто законодавецот би сакал да го постигне со воведувањето одреден изборен модел.

Најголема пропорционалност на изборните резултати наспроти добиените гласови и најмалку „загубени“ гласови се постигнува со примена на пропорционалниот изборен модел, со целата територија на државата како една изборна единица, без изборен праг и со воведување на Сент-Лагиевата формула или на Харе квотата место Донтовата формула за пресметување на мандатите. Видот на изборните листи не влијае врз пропорционалноста на резултатите. Најнеповолна алтернатива, доколку се разгледуваат пропорционалноста и бројот на „загубени“ гласови, претставува воведувањето на мнозинскиот изборен модел со плурално мнозинство.

Во однос на застапеноста во законодавниот дом, односно бројот на политички партии/коалиции што би успеале да освојат мандат, најмногу субјекти влегуваат во Собранието со примена на пропорционалниот изборен модел, со целата територија на државата како една изборна единица и без изборен праг. Менувањето на Донтовата формула за пресметување на мандатите и воведувањето на Сент-Лагиевата формула или на Харе квотата го зголемува бројот на пратенички мандати што би ги освоиле малите партии наспроти големите. Мнозинскиот изборен модел со плурално мнозинство и пропорционалниот модел со изборен праг од 5 % се најнеповолните варијанти за малите партии, со оглед на тоа дека целосно ги елиминираат при распределбата на изборниот колач. Од друга страна, овие два система може да се сметаат за најповолни доколку целта е да се формира стабилно мнозинство кое нема да има проблеми за ефективно да донесува одлуки, со оглед на тоа дека ги елиминираат помалите партии и оставаат во игра помал број играчи што би преговарале меѓусебно за формирање на владејачкото мнозинство.

Која било промена на одредена компонента на сегашниот пропорционален модел нема да донесе измени во однос на победничката партија/коалиција на изборите. Во зависност од комбинацијата на елементите, големите партии може да добијат или да загубат по некој мандат, но разликата помеѓу нив секогаш останува иста или се менува за најмногу до еден мандат. Воведувањето мнозински изборен систем со плурално мнозинство би донело тектонски поместувања помеѓу големите партии/коалиции, односно промена во однос на партијата/коалицијата што освоила најмногу пратенички мандати.

Со оглед на тоа дека примената на кој било изборен модел носи поголема корист за една опција во однос на другите, целта на изборното законодавство е да пронајде модел што би се сметал за најрамноправен, односно систем што би донел најмногу поволности за сите потенцијални играчи на изборите. Една можност како би се комбинирале предностите и на мнозинскиот и на пропорционалниот модел, а би се избегнале дел од недостатоците од двата системи, е воведувањето на **мешовитиот систем со дополнително претставување, популарно наречен „германски модел“**. Според овој изборен модел, гласачите за време на изборите гласаат на две избирачки ливчиња. На првото, секој од гласачите го дава својот глас за еден од кандидатите во едномандатни изборни единици. Победникот во овие единици се одлучува според мнозинскиот изборен модел. На второто ливче, гласачите го даваат својот глас за една од партиските листи, во неколку повеќемандатни изборни единици или, во

определени случаи, целата држава како една изборна единица. Резултатите од вторите гласачки ливчиња се пресметуваат со примена на пропорционалниот изборен систем со партиски листи и го одредуваат конечниот број мандати што ќе ги добие секоја од партиите/коалициите на крајот од изборниот процес. По пребројувањето на гласовите, секоја партија добива онолку дополнителни претставнички места колку што е разликата помеѓу бројот на освоените места во едномандатните единици и бројот на места колку што партијата би требало да освои според пропорционалното гласање.

Од разгледуваните алтернативи во рамките на оваа анализа, може да се извлече заклучок во однос на тоа кој изборен модел би дал најповолни резултати за секоја од политичките партии/коалиции кои учествувале на парламентарните избори во 2020 година:

**коалиција предводена од СДСМ** – најповолна варијанта е пропорционалниот изборен модел во една изборна единица, со изборен праг од 5% на национално ниво и примена на Донтовата формула за пресметување на мандатите;

**коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ** - најповолна варијанта е мнозинскиот изборен модел со плурално мнозинство;

**ДУИ** - најповолна варијанта е мнозинскиот изборен модел со плурално мнозинство;

**коалиција Алијанса за Албанците и Алтернатива (АА/А)** - најповолна варијанта е пропорционалниот изборен модел во шест изборни единици, без изборен праг и примена на Сент Лагиевата формула или Харе квотата за пресметување на мандатите;

**Левица** – најповолна варијанта е пропорционалниот изборен модел во шест изборни единици, без изборен праг и примена на Сент-Лагиевата формула или Харе квотата за пресметување на мандатите;

**ДПА** – најповолна варијанта е пропорционалниот изборен модел во една изборна единица, без изборен праг и примена на Сент-Лагиевата формула или Харе квотата за пресметување на мандатите;

**Интегра** - најповолна варијанта е пропорционалниот изборен модел во една изборна единица, без изборен праг и примена на Сент-Лагиевата формула или Харе квотата за пресметување на мандатите;

**сите останати партии/коалиции** кои учествуваа на изборите во 2020 година не би успеале да влезат во Собрание без разлика на тоа кој изборен систем би се применувал.

Одредени експерти за овој изборен модел, сметаат дека го донесува „најдоброто од двата света“[33]. Една од главните забелешки на сегашниот изборен модел е во однос на централизацијата на моќта во политичките партии, со оглед на тоа дека кандидатските листи најчесто ги составуваат лидерите и највисоките раководства на партиите. На тој начин пратенички мандат доста често може да добијат непопуларни кандидати, кои постојано се наоѓаат високо на кандидатските листи само поради нивната послушност и блискост до раководството. Преку гласање во помали изборни единици во рамките на мнозинската компонента на моделот, за кандидати кои гласачите ги познаваат, се зајакнува врската помеѓу пратениците и гласачите, а пратениците чувствуваат одговорност и кон електоратот што ги избрал, а не само кон раководството на партијата што ги предложила.

Гласањето за кандидати во помали едномандатни единици во рамките на мнозинската компонента на моделот би можело да донесе поволности за партиите на помалите етнички заедници да освојат мандат самостојно или, пак, во рамките на големите коалиции преку кандидирање нивни кандидат во изборната единица со доминантно население кое припаѓа на таа етничка заедница. Бидејќи се директно избрани од електоратот, самите пратеници би црпеле дел од легитимитетот директно од граѓаните и на тој начин би имале можности за посамостојно дејствување во рамките на големите коалиции.

Сепак, пропорционалната компонента во рамките на моделот значително го намалува преовладувањето на локалните и на регионалните интереси наспроти општите и државните, што се смета за карактеристика на мнозинскиот модел со оглед на малите едномандатни изборни единици и блискоста на кандидатите со нивните избирачи. Со оглед на тоа дека на крајот преовладуваат резултатите од пропорционалната компонента, победници на изборите се партиите што добиле најголема поддршка од електоратот на национално ниво. Поради тоа, партиите се принудени да понудат програми во кои се опфатени општите и државните интереси и се таргетираат голем број различни групи во општеството.

Од друга страна, мнозинскиот модел покажува тенденција да произведува значителна диспропорционалност во изборните резултати наспроти добиените гласови и голем број „загубени“ гласови. Овој недостаток се подобрува со воведувањето на пропорционалната компонента во рамките на изборниот модел. И покрај тоа што овој модел се смета за мешовит, конечните резултати на изборите се пропорционални во однос на гласањето во пропорционалната компонента на моделот, што значи дека овој изборен модел покажува поволни резултати во однос на пропорционалност на изборните резултати наспроти добиените гласови и бројот на „загубени“ гласови. Доколку пропорционалната компонента се примени во една изборна единица без изборен праг, тогаш би се добиле резултати што би можеле да се сметаат дека се најблиску до она што го нарекуваме „совршено пропорционални изборни резултати“[34].

Една од главните забелешки на мнозинскиот модел е дека речиси целосно ги елиминира помалите партии и независните кандидати, односно нивниот влез

---

[33] Хикс, С., Џонстон, Р. и МкЛин, И. *„Одбирајќи изборен систем“*. Лондон, 2010, стр. 83

[34] Каракамишева, Т. *„Избори и изборни системи“*. Скопје, 2004, стр. 106

во законодавниот дом станува практично невозможен. Од друга страна, поради пропорционалноста во конечните резултати при употребата на „германскиот модел“, секоја партија/коалиција би добила процент на претставнички мандати кој е пропорционален со процентот на гласови што партијата/коалицијата би ги освоила за време на изборите. На тој начин, се олеснува можноста за поголем број партии/коалиции да влезат во законодавниот дом, како и за повеќе освоени мандати од страна на помалите партии. На тој начин се овозможува поголема застапеност во рамките на законодавниот дом на различните интереси во општеството.

Со оглед на изразениот етнички карактер на политиката во нашето општество, формирањето стабилна еднопартиска влада, која го има потребното мнозинство за донесување одлуки, би можело да се смета како невозможна мисија. Со тоа се елиминира една од главните предности на мнозинскиот изборен модел. Поради тоа, природно се наметнува потребата од воведување изборен модел што би се разликувал од класичниот мнозински систем.

Не треба да се занемари и флексибилноста што ја нуди овој систем, односно можноста гласачите да ги поделат своите гласови на изборите и со тоа да искажат поддршка за повеќе опции. Тоа е возможно поради двете избирачки ливчиња, па така еден гласач би можел во едномандатните изборни единици да гласа за една опција, односно за еден кандидат што му се допаѓа, а на партиската листа за друга опција, односно за партијата што ја симпатизира.

Како најголеми недостатоци на овој систем често се спомнуваат неговата комплексност и комплицираност[35]. Сепак, треба да се спомне дека комплицираноста се манифестира повеќе во процесот на пребројување на гласовите и одредување на распределбата на мандатите, а не толку во самиот чин на гласање. Имајќи предвид дека електоратот кај нас веќе има искуство со гласање на две избирачки ливчиња за време на локалните избори (на територијата на градот Скопје се гласа дури на четири ливчиња), се чини дека самиот процес на гласање не би требало да претставува тешкотија за гласачите.

[35] Ибид, стр. 108

# 3. МОЖНОСТА ЗА ПРОМЕНА НА ИЗБОРНИОТ МОДЕЛ ЗА ИЗБОР НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ И ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ ВО ОПШТИНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

За избор на членови на советите на општините се применува пропорционалниот изборен модел со партиски листи, со примена на Донтовата формула за пресметување на мандатите, без изборен праг и со затворени избирачки листи. Секоја од општините претставува една изборна единица.

За избор на градоначалник на локалните избори во Република Северна Македонија се користи мнозинскиот изборен модел во два круга. Во првиот круг од гласањето за градоначалник е избран оној кандидат што добил мнозинство гласови од избирачите што гласале. Дополнителен услов за избор во првиот круг е на гласањето за избор на градоначалник на соодветната општина да излезат најмалку една третина од вкупниот број избирачи. Во спротивно се повторува целата изборна постапка за соодветната општина. Доколку овој услов е исполнет, но ниту еден кандидат за градоначалник не го добил потребното мнозинство гласови во првиот круг, тогаш во вториот круг, кој се одржува во рок од 14 дена од денот на завршувањето на првиот круг на гласањето, се гласа за двајцата кандидати што добиле најмногу гласови во првиот круг. Во вториот круг на гласање за градоначалник е избран кандидатот што добил поголем број гласови. Нема услов во однос на одзивот за вториот круг.

## 3.1 ПРОМЕНА НА ИЗБОРНИОТ МОДЕЛ ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ НА ОПШТИНИТЕ

Ефектот од менувањето одредена компонента на сегашниот модел за избор на членови на советот (изборен праг, изборна формула или тип избирачка листа) ќе има исто влијание врз распределбата на мандатите како и во случајот на менувањето на таа компонента на изборниот модел за избор на пратеници на парламентарните избори. Овие ефекти беа анализирани во детали во претходните делови на оваа анализа.

## 3.2 ПРОМЕНА НА ИЗБОРНИОТ МОДЕЛ ЗА ИЗБОР НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ

Најчесто дискутиран предлог за менување на изборниот модел за избор на градоначалник е промената во однос на бројот на изборни кругови, односно менување од два изборни круга во еден. Како главен аргумент во насока на оваа промена се спомнува загубата на време и на финансиски средства кога се организираат два круга на избори. Дополнително, во голем број од случаите се забележува драстичен пресврт во одзивот на избирачите помеѓу првиот и вториот изборен круг, односно гласачите покажуваат помала заинтересираност

да гласаат во вториот круг, особено доколку нивниот кандидат испаднал во првиот круг.

Уште еден аргумент во корист на елиминирање на вториот круг на избори е можноста, која доста често знаела да се покаже во практика, за преговори помеѓу партиите во периодот помеѓу двата круга. Тие преговори многу често знаат да се претворат во политичко пазарење, при што актерите се принудени да се откажат од значителен дел од својата програма со цел да се постигне договор. Чести се случаите и на тргување со гласовите кога гласачите на една партија во вториот круг гласаат за друга партија во општина каде што нивниот кандидат не го поминал првиот круг, а за возврат ги добиваат гласовите од таа партија во општина каде што нивниот кандидат се пласирал во вториот круг. Овие коалиции во иднина може да се префрлат и во работењето на советот на општината. Формирањето коалиции од чист политички интерес ги намалува стабилноста на владеењето и ефективноста на донесувањето одлуки.

Од друга страна, мнозинскиот изборен систем во еден круг покажува извесни недостатоци. Главната идеја зад воведувањето на мнозинскиот изборен систем во два круга е намерата да се коригираат дел од недостатоците на изборниот систем со плурално мнозинство.

Докажано е дека гласањето во еден круг придонесува за поголема диспропорционалност во изборните резултати наспроти добиените гласови и голем број „загубени“ гласови. Со оглед на мнозинството што е потребно за победа, а тоа е поголем број на гласови во однос на останатите кандидати без разлика дали се работи за еден или за 1.000 гласа, во многу од случаите може да се случи да победи кандидат што не го ужива мнозинството од гласовите, но освоил повеќе гласови од сите останати кандидати. Тоа е посебно изразено во случаите кога неколку кандидати добиваат значителен број гласови. Во таквите случаи сите гласови дадени за кандидатите што ќе загубат на изборите може да се сметаат за пропаднати. Гласањето во два изборни круга придонесува за зголемување на пропорционалноста на резултатите, односно ја консолидира и концентрира поддршката што би ја добил победничкиот кандидат во вториот круг.

Гласањето во еден круг значително ги намалува изборот и шансите за победа на кандидат што е предложен од некоја од помалите партии или на независен кандидат. Причина за тоа е тенденцијата гласачите да се воздржат од гласање за овие кандидати бидејќи се уверени дека кандидатите немаат шанси да победат и нивните гласови би пропаднале. Во случај кога има два круга на избори, гласачите имаат можност за поголем избор, односно „избирачите можат да гласаат со своето срце за омилениот кандидат во првиот круг, а со својата глава за најмалку неомилениот во вториот круг“.[36]

Главната дилема зад примената на еден или на два изборни кругови е во однос на заштедата на време и пари и намалувањето на политичкото пазарење наспроти постигнувањето поголема пропорционалност на гласовите и намалување на бројот на „загубени“ гласови. Една од можностите како да се намалат недостатоците од двата модели претставува воведувањето на **системот на дополнителен глас.** Овој модел, кој се вбројува во мнозинските изборни

[36] Хејвуд, Е. *„Политика“*. Бејсингстоук, 2007, стр. 258

модели, предвидува преференцијално гласање во еден изборен круг. При гласањето, избирачите имаат можност на еден „дополнителен“ глас (една дополнителна преференција). На тој начин избирачите сигнализираат за кој од кандидатите би гласале во замислениот втор изборен круг, доколку нивниот кандидат не би се пласирал. По пребројувањето на првите преференции, доколку ниту еден кандидат не го постигне потребното мнозинство, сите кандидати, освен двата со најмногу освоени гласови, се елиминираат, а нивните гласови се редистрибуираат кај кандидатот што го добил „дополнителниот“ глас. По редистрибуцијата на гласовите, победник е оној кандидат што ќе има повеќе гласови во однос на својот противник. Овој систем наоѓа примена на одредени локални избори, како, на пример, при изборот на градоначалник на Лондон[37].

Воведувањето на овој модел е во насока на ползување на предностите на мнозинските модели во еден и во два изборни круга. Со оглед на тоа дека има само еден круг, се заштедува време и пари, а се намалува и политичкиот пазар кој би се случил помеѓу двата круга. Од друга страна, можноста да се даде дополнителен глас (втора преференција) значително го намалува бројот на „загубени гласови“ и ја зголемува поддршката што ја добива победничкиот кандидат. Главните забелешки во однос на овој систем се дека може да биде покомпликуван за гласачите, што води кон поголем број неважечки гласови, како и дека одредени гласови, сепак, ќе пропаднат доколку двете преференции се дадени за кандидати што не се пласирале во вториот круг на распределба на гласовите.

[37] Хикс, С., Џонстон, Р. и Меклин, И. *„Одбирајќи изборен систем“.* Лондон, 2010, стр. 55

# 4. ВЛИЈАНИЕТО ОД ПРОМЕНАТА НА ИЗБОРНИОТ МОДЕЛ ВРЗ РОДОВАТА ЗАСТАПЕНОСТ ВО ЗАКОНОДАВНИОТ ДОМ

Во 2006 година во изборното законодавство на нашата држава беа воведени родови квоти за застапеност на жените на кандидатските листи. Првично, оваа мерка изнесуваше 30 % од кандидатите на сите листи. Со измените на изборното законодавство во 2015 година беше обезбедена уште поголема вклученост на жените на кандидатските листи за пратеници, односно најмалку 40 % жени на секоја листа, и тоа на секои три места, најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол (жените) и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места. Истото се однесува и на кандидатските листи за членовите на советите на општините и на Град Скопје. Непочитувањето на овие правила би резултирало со неприфаќање на кандидатската листа од страна на Државната изборна комисија. Оваа интервенција донесе зголемена застапеност на жените во законодавниот дом. Исто така, воведувањето родови квоти на кандидатските листи за членови на советите донесе поволни промени во однос на застапеноста на жените на локално ниво. Според резултатите на локалните избори од 2017 година, може да се заклучи дека е обезбедена задоволителна родова застапеност во советите на општините.

Целосната промена на изборниот модел или менувањето на некоја од компонентите на постојниот систем несомнено би донело промени во однос на родовата застапеност во законодавниот дом. Со цел да се утврди ефектот од евентуалните промени, во рамките на оваа анализа беше испитувано какво влијание ќе има врз родовата застапеност менувањето на постојниот модел во насока на намалување на бројот на изборните единици и на типот на избирачките листи, како и промената од пропорционален во мнозински модел. Воведувањето изборен праг или менувањето на изборната формула при постојниот модел не би имале влијание врз родовата застапеност.

## 4.1 РОДОВАТА ЗАСТАПЕНОСТ ВО СОБРАНИЕТО ВО СЛУЧАЈ НА ЕДНА ИЗБОРНА ЕДИНИЦА

Со цел да се утврди влијанието од промената на бројот на изборните единици врз родовата застапеност во Собранието, беше направена пресметка на бројот на жени што би освоиле пратенички мандат доколку целата држава би била една изборна единица. Притоа, беа искористени резултатите од симулацијата на освоените пратенички мандати, со тоа што територијата на државата беше земена како една изборна единица место постојните шест. Треба да се има предвид дека редоследот на мажите и на жените на кандидатските листи се разликува помеѓу изборните единици, па според тоа и резултатите од самата симулација зависат од подреденоста на мажите и на жените на различните кандидатски листи. Со оглед на тоа дека е практично невозможно да се одреди редоследот на кандидатите на избирачките листи доколку државата би била една изборна единица, како урнек за секоја политичка партија беше земена

кандидатската листа од онаа изборна единица во која партијата освоила најмногу гласови (или со други зборови таму каде што се смета дека партијата ужива најголема популарност)[38].

Од направената симулација на резултатите во 2020 година се забележува дека бројот на жени-кандидати што би освоиле мандат во Собранието би се зголемил за осум доколку целата држава би била една изборна единица наспроти постојните шест изборни единици, но доколку се задржат постојните квоти, односно бројот се зголемува од 43 пратенички на 51 пратеничка[39]. Разликата е најизразена кај малите и кај средните партии (кои освојуваат од три до 15 мандати), со оглед на тоа дека при повеќе изборни единици, освоените пратенички мандати се распределуваат помеѓу изборните единици и најчесто од една изборна единица добитни се првото или првите две места, кои по правило се окупирани од кандидати мажи.




***Симулација на резултатите од парламентарните избори 2020 год.***

Во согласност со симулацијата на резултатите од 2016 година, бројот на жени-кандидати што би освоиле мандат во Собранието во 2016 година би се зголемил за пет доколку целата држава би била една изборна единица наспроти постојните шест изборни единици, односно бројот се зголемува од 38 на 43 пратенички. Разликата повторно, како и во 2020 година, е најизразена кај малите и кај средните партии (кои освојуваат од три до 15 мандати).




***Симулација на резултатите од парламентарните избори 2016 год.***

[38] За двете партии (ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ) чијшто број на освоени мандати го надминува бројот на кандидати на една листа се земаа предвид трите изборни единици каде што партиите освоиле најмногу гласови.

[39] Треба да се спомне дека се зема предвид бројот на пратенички во моментот на завршувањето на изборите. Со подоцнежните промени, односно формирањето на Владата и влегувањето дополнителни кандидати од листата, тенденцијата е бројот на жени во Собранието да расте.

Резултатите од спроведената симулација на изборните резултати од 2020 и 2016 година покажуваат дека бројот на жени кандидати кои би освоиле мандат во Собранието би се зголемил доколку целата држава би била една изборна единица наспроти постојните шест изборни единици, односно примената на една изборна единица би имала позитивен ефект врз застапеноста на жените во Собранието.

## 4.2 РОДОВАТА ЗАСТАПЕНОСТ ВО СОБРАНИЕТО ВО СЛУЧАЈ НА ОТВОРЕНИ ИЗБОРНИ ЛИСТИ

Во однос на влијанието на промената на типот на изборните листи, односно употребата на отворени листи, врз родовата застапеност во Собранието не постои можност да се направи симулација на изборните резултати затоа што практично е невозможно да се предвиди кои кандидати од понудените листи би биле преферирани од страна на гласачите во случај на отворени листи. Сепак, преку анализа на кандидатските листи од изборите, може да се забележат одредени трендови во однос на застапеноста на жените на листата, при што може да се извлечат некои заклучоци за влијанието на воведувањето на отворените листи врз родовата застапеност во законодавниот дом. Во таа насока, сите кандидатски листи од изборните процеси во 2020 и во 2016 година беа анализирани во однос на неколку аспекти: 1) вкупен број кандидати мажи наспроти кандидати жени; 2) вкупен број носители на кандидатски листи што се мажи наспроти носители жени; и 3) вкупен број на кандидатски тројки во кои има повеќе мажи наспроти кандидатски тројки во кои има повеќе жени[40].

Во однос на бројот на кандидати мажи наспроти кандидати жени, на парламентарните избори во 2020 година жените сочинуваа 42,7 % од пријавените кандидати, што е минимално зголемување во однос на изборите во 2016 година, кога жените беа застапени со 41 % на кандидатските листи. Од вкупно 1.560 кандидати на изборните листи на изборите во 2020 година, 893 кандидати биле мажи наспроти 667 кандидати жени (соодност 1,34 наспроти 1, односно на секоја жена-кандидат имало повеќе од 1,3 маж-кандидат). За разлика од 2016 година, кога на само една листа имаме случај на повеќе жени-кандидати од мажи, во 2020 година имаме три такви листи. Дополнително, на девет од вкупно 78 листи имаме случај на ист број на жени-кандидати и на мажи-кандидати. Сепак, и покрај овие подобрувања, на мнозинството листи има повеќе кандидати мажи од жени. Подобрување на ситуацијата има и во однос на тоа кој се наоѓа на последните две места на листата, односно тоа се оние кандидати чие присуство на листите е повеќе симболично, односно чијшто влез во Собранието е практично невозможен. Тука сè уште водат жените со 82 кандидати наспроти мажите со 74, но разликата не е толку впечатлива како во 2016 година (71 жена наспроти 37 мажи).

[40] Земајќи го предвид законскиот услов дека на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол, под кандидатска тројка се подразбираат сите три последователни кандидати на една листа кои треба да го исполнуваат овој услов (реден број 1 до 3 на листата, реден број 4 до 6, реден број 7 до 9, итн.). Со оглед на тоа дека секоја кандидатска листа е составена од 20 кандидати, за потребите на пресметувањето на кандидатските тројки беа искористени првите 18 кандидати од листите, со цел деливост на бројот со три.

Во однос на кандидатските тројки, од вкупно 468 кандидатски тројки, во 353 тројки има двајца кандидати мажи, а само една жена, додека во 115 тројки ситуацијата е во корист на жените, односно има две жени и еден маж-кандидат. Соодносот е 3:1, што иако претставува значајно намалување на соодносот во однос на 2016 година (5,84:1), покажува дека тенденцијата сѐ уште е на повеќето листи присуството на жените да биде само во насока на исполнување на законски поставениот минимум.

Во однос на бројот на носители на кандидатски листи, од вкупно 78, на 58 листи носители биле мажи, наспроти 20 листи на кои носители биле жени. И во овој случај имаме значително подобрување во однос на 2016 година (54 мажи наспроти три жени), но, сепак, останува доминацијата на мажите на водечките места на кандидатските листи. Тоа е значајно затоа што се смета дека за носители на кандидатските листи се ставаат најпроминентните/најпопуларните членови во партии, односно оние што се смета дека би можеле да привлечат најмногу гласови.

Во однос на употребата на отворени листи, наодите од анализата на кандидатските листи од изборите во 2020 и 2016 година наведуваат на заклучокот дека воведувањето на отворени листи би се одразило негативно врз родовата застапеност на жените во Собранието. И покрај одредени позитивни поместување во 2020 наспроти 2016 година, значително помалиот број на жени на кандидатските листи наспроти мажите, како и доминацијата на мажите во таканаречените „кандидатски тројки“ и на водечките/добитните места на листите, упатуваат на тоа дека тенденциите во нашата држава сѐ уште се повеќе во насока на исполнување на законски поставениот минимум, отколку кон постигнување на реална родова рамноправност во законодавниот дом. Согласно тоа, наодите упатуваат на потврда на претпоставката дека отворените листи негативно се одразуваат врз родовата застапеност во парламентите.

## 4.3 РОДОВАТА ЗАСТАПЕНОСТ ВО СОБРАНИЕТО ВО СЛУЧАЈ НА МНОЗИНСКИ ИЗБОРЕН МОДЕЛ

Во однос на промената на изборниот систем и воведувањето мнозински модел, како и во случајот на отворените листи, не постои можност да се направи симулација на изборните резултати, затоа што практично е невозможно да се предвиди колку кандидати-жени би биле предложени во еден ваков случај и во кои изборни единици. Сепак, одредени заклучоци може да се извлечат од случаите во нашата држава во кои веќе се применува мнозински изборен модел, а тоа е за избор на претседател на државата и за избори на градоначалници. На шесте организирани претседателски избори досега имаме доминација на кандидати-мажи, односно имало вкупно 24 кандидати мажи и само две жени-кандидати за претседател на државата. Треба да се спомне и дека ниту една жена досега не била избрана за претседател на Републиката. Меѓународните извештаи укажуваат на недоволна родова рамноправност кога станува збор за номинирање кандидати за градоначалници земајќи предвид дека на локалните избори во 2017 година избрани се само шест градоначалнички во вкупно 80

општини и Градот Скопје[41]. Слични или уште понеповолни резултати може да се забележат и на повеќето претходни локални избори. Главните забелешки во меѓународните извештаи во однос на родовата застапеност не се однесуваат толку на потребата од менување на изборниот модел, туку на видливоста на жените во изборната кампања како учесници и говорници на митинзи и на дебати. Недостатоци се нотираат во однос на промоцијата на учеството на жената во јавниот живот и помалата застапеност во кампањите и митинзите.[42]

Сето ова наведува на заклучокот дека примена на мнозински изборен модел, во кој воведувањето на квоти е практично невозможно, ќе се одрази многу негативно на родовата застапеност во Собранието.

Генералниот заклучок е дека примената на една изборна единица би имала позитивен ефект врз застапеноста на жените во Собранието, односно бројот на жени кои би освоиле мандат во Собранието би се зголемил. Во однос на употребата на отворени листи, наодите од анализата наведуваат на заклучокот дека воведувањето на отворени листи без дополнителни услови и мерки би се одразило негативно врз родовата застапеност на жените во Собранието. Негативен ефект би имала и промената на изборниот систем и воведувањето на мнозински изборен модел.

Овие наоди се совпаѓаат и со заклучоците дадени од страна на Венецијанската комисија. Според мислењето на Венецијанската комисија (https://www.venice.coe.int/webforms/documents/?pdf=CDL-PI(2016)007-e), поволна комбинација за застапеност на жени во парламентите е пропорционален изборен систем со големи изборни единици или една изборна единица на целата територија на државата, затворени изборни листи и задолжителна квота што не обезбедува само голем број жени кандидати, но и строги правила за редослед (на пример патент-систем или зип-квоти), како и ефективни санкции за непочитување на правилата. Согласно Венецијанската комисија, резервираните места за жени во парламентот не се сметаат за одржлива и легитимна опција во Европа, а наместо резервирани места се претпочита воведување квота во изборните листи.

[41] OSCE. *"The former Yugoslav Republic of Macedonia, Municipal elections, 15 October and 29 October 2017: Final Report"*. Skopje, 2017. Достапно на: https://www.osce.org/odihr/elections/fyrom/367246 (пристапено на 9.3.2021)

[42] OSCE. *"North Macedonia, Early Parliamentary Elections, 15 July 2020: ODIHR Special Election Assessment Mission Final Report"*. Skopje, 2020. Достапно на: https://www.osce.org/odihr/elections/north-macedonia/465648 (пристапено на 9.3.2021)

# 5. МОЖНОСТА ЗА МЕНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ СИСТЕМ ВО НАСОКА НА ОЛЕСНУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕТО НА АКТИВНОТО И ПАСИВНОТО ИЗБИРАЧКО ПРАВО ОД СТРАНА НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Со цел да се обезбеди поголема инклузивност за претставување на граѓаните во изборните системи, постојат размислувања за воведување квоти, односно резервирани места во парламентите за претставување на различните маргинализирани групи во општествата.

Сите граѓани во изборниот процес користат активно и пасивно избирачко право, односно право да се гласа и да се биде гласан.

## 5.1 АКТИВНО ИЗБИРАЧКО ПРАВО НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Кога станува збор за користење на активното избирачко право од лицата со попреченост, се среќаваат повеќе мерки во државите каде што се олеснува изборниот процес за овие граѓани, како на пример:

- Помош од друго лице за гласач што не е во можност самостојно да учествува во изборниот процес (телесна попреченост, оштетен вид и слух, и друго) - или се дозволува со лице придружник од дома или, во некои држави, член на избирачкиот одбор ја врши асистенцијата.
- Остварување на правото на гласање во домашни услови за лица со попреченост.
- Специјални гласачки ливчиња изработени во Брајово писмо за лица со попреченост на видот.
- Отстранување на физичките бариери за пристап на лица со попреченост до самото гласачко место.
- Алтернативни начини да се гласа по пошта или електронски.

Мерките со кои се олеснува и помага гласањето на лицата со попреченост се среќаваат во законодавството на речиси сите држави што беа предмет на разгледување. Единствено вакви одредби нема во изборното законодавство на Холандија и на Романија. Дел од овие мерки се опфатени и со изборното законодавство на нашата држава.

## 5.2 ПАСИВНО ИЗБИРАЧКО ПРАВО НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Што се однесува до остварување на пасивното избирачко право на лицата со попреченост, како и можноста за воведување резервирани места за лицата со попреченост, можни се следниве три сценарија:

**1) Самостоен настап** - доколку формалните услови од Изборниот законик се исполнети (најчесто тоа се потписи потребни за кандидатура), секој граѓанин врз основа на уставните начела за еднаквост и недискриминација може да

поднесе кандидатура без оглед на видот на попреченоста (освен за случаи на изгубена деловна способност).

**2) Настап во рамките на листите предложени од партиите/коалициите** – можност политичките партии сами да номинираат граѓани на своите изборни листи, како нивни редовни членови и како целна група во општеството што тие сакаат да ја претставуваат преку своите кандидатски листи (мотивацијата за ова би била различна, а би била во насока да се сензибилизира јавноста, да се промовираат проблемите на овие граѓани, да се таргетираат гласовите од оваа целна група, итн.).

**3) Квоти за лицата со попреченост во рамките на изборниот модел** – третото сценарио, кое е теориско и не се среќава во практика[43], односно не се забележува во ниту едно од изборните законодавства што беа разгледувани, е воведување систем за задолжително претставување, со задолжителни места обезбедени за лицата со попреченост (слично на системот на родовите квоти).

## ИНКЛУЗИВНОСТ НА ИЗБОРНИОТ МОДЕЛ

Класичното поимање на терминот родова еднаквост во минатото се поистоветуваше со „еднакви можности“ или „конкурентна еднаквост“. Отстранување на формалните пречки, на пример, давањето право на глас на жените се сметало за доволно. Но, под силен притисок од феминистичките движења во последните децении, како што се истакнува во Пекиншката „платформа за акција“[44] од 1995 година, се воведува втор концепт кој добива на значајност и поддршка, а тоа е поимот „еднаквост на резултатот“. Со отстранувањето на формалните пречки, односно со давањето право на глас не значи дека се овозможуваат вистински еднакви можности. Помеѓу причините поради кои жените не се избираат како кандидати и немаат политичко влијание се дискриминацијата, како и голем број скриени пречки. Квотите и другите форми на позитивни мерки се средство да се постигне еднаквост на резултатот. Тоа се заснова на тврдењето дека еднаквоста како цел не може да се постигне преку формален еднаков третман.

Поминати се точно 25 години од Четвртата светска конференција за жени на Обединетите нации која се одржа во 1995 година во Пекинг, Кина. Пекиншкиот процес, односно Пекиншката декларација се однесува на подобрување и унапредување на состојбата на жените во 12 клучни области, меѓу кои и областа за *жените во власта и донесувањето одлуки*[45]. Во таа област се предвидува еднаков пристап и целосно вклучување во структурите на власта и во донесувањето одлуки. Политичките квоти се пример за таква вклученост. Преку резервираните места или кандидатури на жени значително се зголеми бројот на жени-лидери во одредени земји. Исто така, со оваа декларација се поттикна преземањето чекори за да се зголеми можноста на жените да учествуваат во

[43] Одговори од 19 парламенти врз основа на поднесен прашалник преку Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација.
[44] Beijing Declaration and Platform for Action (пристапено на 20 мај 2021)
[45] In Focus: Women in Power and Decision-making (пристапено на 8 април 2021)

политичкиот живот, преку обуки за лидерство, јавно говорење и политички кампањи, со што се подготвуваат жените да се натпреваруваат, да победат и да бидат добри лидери кои ќе инспирираат и други да бидат политички активни.

Од денешна гледна точка, може да се потврди дека целокупниот процент на жени во парламентите насекаде низ светот достигна 24,9 % во 2020 година, што претставува зголемување од 11,3 % од 1995 година. Во четири земји (Руанда, Куба, Боливија и Обединетите Арапски Емирати) жените моментално претставуваат 50 или повеќе проценти од пратениците во нивните пониски домови или единствени парламенти во споредба со 1995 година, кога ниту еден парламент немаше постигнато родов паритет. Во таа насока, родовите квоти остануваат критични фактори за да се успее во тоа жените да бидат подобро претставени во парламентите, особено младите жени[46].

Сепак, постојано се актуализира прашањето дали се потребни квоти за зголемување на бројот на активни жени во политиката. Од една страна се застапниците на идејата дека со квотите се задира во слободната волја на гласачите, нешто што е спротивно на принципите на либерална демократија. А, од друга страна, е општоприфатеното гледиште дека со воведувањето на квотите се зголемува процесот на демократизација на општеството затоа што со помош на квотите се обезбедува задолжително политичко учество на жените, а со тоа се отвора и можноста за повеќе номинации и поголема конкурентност на добри кандидати во самите политички партии.

Постојат различни видови квоти кои, во комбинација со различните изборни системи, може да дадат различни резултати во поглед на процентуалната застапеност на жените.

Низ различните изборни системи во светот се среќаваат три вида квоти:

1. **Резервирани/загарантирани места**
2. **Правноутврдени квоти (уставни и/или законски)**
3. **Квоти во политичките партии (на доброволна основа)**

Со употреба на принципот на резервирани места се обезбедува однапред утврден број на жени што ќе бидат избрани, додека со другите два принципи се утврдува минималниот процент на жени што би се нашле на кандидатските листи - или според законски утврден процент или според внатрепартиска мерка утврдена во статутите на политичките партии. Постојат и други видови квоти, а она што е важно да се спомне како аспект е и рангирањето на кандидатите со цел жените да не завршат на дното на листите, како што често се случуваше особено во минатото. Санкционирањето на непочитувањето на законски утврдените квоти, исто така, е важно за успешно применување на квотите.

Најчесто со квотите се предвидува, односно се цели на избор на 30-40 % претставници на помалку застапениот пол, а најчесто тоа се жените. Овој процент се смета дека претставува критичко малцинство, односно малцинство кое може да биде доволно гласно и активно да предизвика промени, но и да повлече позитивна промена во поглед на родовата застапеност[47].

---

[46] 25 years after Beijing, IPU analysis shows that gender parity is possible (пристапено на 8 април 2021)

[47] Gender Quotas (пристапено на 19 мај 2021 година)

Квотите за помалку застапениот пол, односно за жените, се однесуваат на тоа жените да претставуваат одреден број или процент од членовите на одредено тело, како што е парламент, комисија или влада. Со системот на квоти товарот за избор не се става на поединечната жена, туку се става на оние што раководат со процесот на регрутирање и селекција на кандидати. Главната идеја зад овој систем е регрутирање жени на политички позиции, со што ќе се осигури дека жените не се само симболично присутни во политичкиот живот.

Треба да се спомне дека постојат сѐ повеќе случаи на воведување системи со резервирани места и, сепак, сѐ повеќе жени што се избрани за резервираните места не се назначуваат иако се избрани, како примерите во Јордан, Уганда и во Руанда. Решението за резервирани места само за една или за неколку жени се смета дека претставува бледо претставување на категоријата „жена“ и се смета дека не е доволно во ова модерно време. Денес, системите на квоти имаат цел да осигурат дека жените претставуваат големо мнозинство од 20, 30 или 40 проценти или да се осигури дека постои вистинска родова еднаквост од 50-50%. Во одредени земји квотите се применуваат само како привремена мерка, односно сѐ до отстранување на пречките за влез на жените во политика, но повеќето држави со квоти сѐ уште не ја ограничиле, односно отстраниле употребата на квоти.

Со повеќето квоти се цели кон зголемување на претставеноста на жените, со тоа што проблемот на кој треба да се одговори е вообичаено пониската претставеност на жените - ова е особено важно затоа што вообичаено жените претставуваат 50 % од населението во секоја земја. Со регулативата за изборните квоти може да се пропише дека најмалку 40 % од кандидатите на изборните листи да бидат жени. Она што е пропишано како минимално барање за претставеноста на жените претставува максимална претставеност на мажите. Бидејќи жените се помалку претставени како група во политичките институции речиси секаде, повеќето прописи целат кон обезбедување минимум места за жените.

Повеќето системи со квоти се замислени да бидат неутрални во поглед на полот, што значи дека со квотите се цели да се коригира помалата застапеност и на мажите и на жените или, пак, да се воспостави максимален процент за двата пола. Во овој случај обврската може да биде дека ниту еден пол не треба да има повеќе од 60 % застапеност и не помалку од 40 % застапеност. Таков е случајот и со законодавството на Северна Македонија каде што прописите се однесуваат на помалку застапениот пол.

Квотата 50-50 по својата природа е неутрална во поглед на полот и, исто така, поставува максимум за претставеноста на жените, што изостанува во оние случаи кога се утврдува минимално барање за застапеност.

Концептот на „двојни квоти“ понекогаш се користи за системи со квоти со кои не само што се бара одреден процент жени да бидат застапени на изборните листи, туку и се спречува тие да бидат ставени на дното на листите каде што имаат помалку шанси да бидат избрани. Аргентина и Белгија се примери на држави што имаат законски прописи со двојни квоти. Кон вакви измени на законодавството се одлучи и Северна Македонија, која прво имаше квота од 30 % за помалку застапениот пол, без регулирање на редоследот на кандидатите. Но, во 2006 година, се направија измени на законодавството за да се утврди и

рангирањето на кандидатите, при што жените, односно помалку застапениот пол, беа претставени на секое трето место на листата. Дополнително во 2015 година, Изборниот законик беше изменет да налага најмалку 40 % од кандидатите на листите за пратеници да припаѓаат на помалку застапениот пол, и тоа на секои три места, најмалку едно место да му припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места, со што повторно се влијаеше и на рангирањето на кандидатите[48].

Сепак, постојат различни гледишта за тоа што претставуваат квотите. Во својата книга *Жените, квотите и политиката*, Дахлеруп прави разлика помеѓу две различни димензии во дефинирањето на системите со квоти: со првата димензија се опфаќа прашањето кој го дава мандатот на системот со квота, додека со втората димензија се разгледува кој дел од процесот на селекција и номинација се таргетира со квотите. Се смета дека доколку водечката партија во државата користи квота, тоа може да има значајно влијание врз целокупната стапка на родовата застапеност.

Во однос на тоа кој го доделува мандатот на системот со квота, правните родови квоти се пропишани или со Уставот (како што е во Буркина Фасо, Непал, Филипини, и Уганда) или со изборни закони (како што е во многу држави во Латинска Америка, како и во Белгија, Босна и Херцеговина, Словенија, Франција како и во нашата држава Северна Македонија).

Но, исто така, за квоти може да се одлучат самите партии, и тие се нарекуваат доброволни партиски квоти. Во одредени држави, вклучително и во Германија, Норвешка и во Шведска, голем број политички партии имаат воведено квоти за сопствените листи. Во други држави, само една или две партии се одлучиле да користат квоти. Таков беше случајот и во Северна Македонија, кога на последните парламентарни избори во 2020 година, Социјалдемократскиот сојуз на Македонија имаше интерна партиска квота за родова еднаквост 50-50. Се смета дека доколку водечката партија во одредена држава користи партиска квота, како што е и случајот со Јужна Африка, тоа може да има значително влијание врз целокупната стапка на родова застапеност. Сепак, иако родовите квоти се сѐ повеќе популарни, повеќето од политичките партии во светот воопшто не ги користат.

Во врска со втората димензија, со квотите може да се адресира првата фаза на процесот на селекција, фазата на наоѓање заинтересирани кандидати. Родовите квоти во оваа фаза се правила кои наложуваат одреден број или процент за кој било од двата пола да биде застапен во збирот кандидати што се разгледуваат. Ова се користи во земји со мнозински изборни системи, како контроверзните „кратки листи само со жени“ кои ги има користено британската Лабуристичка партија за некои изборни циклуси. Општо земено, доста е тешко да се направи квота која би одговарала на мнозински систем.

Втората фаза е самото номинирање на кандидатите што би биле ставени на изборното ливче од страна на партијата. Овој систем на квота кој често се користи имплицира дека постои правило (правно или доброволно) според кое 20, 30, 40 или дури и 50 проценти од кандидатите мора да бидат жени. Тоа може

[48] http://rodovreactor.mk/subject/politics/graphs/izbrani-pratenici-column/#.YKUuOagzZPa (пристапено на 19 мај 2021 година)

да се формулира на родовонеутрален јазик, со што ќе се пропише дека ниту еден пол не треба да биде застапен помалку од 40 % и повеќе од 60 %.

Родовите квоти може да се воведат на кое било ниво на политичкиот систем: федерално, национално, регионално или локално. Примери на квоти на локално ниво се квотите за 50-50 % на локално ниво во Франција, како и квоти од 20-33 % за локални совети во Индија, Пакистан и Бангладеш. Во Индија, овој систем на квоти се комбинира со постарите системи на квоти за кастите.

**Најдобри комбинации**

Низ практиката може да се забележи дека одредени квоти почесто се среќаваат во одредени делови од светот, а останатите типови се среќаваат во останатиот дел од светот. Квотите полесно се воведуваат во пропорционални системи. Сепак, квотите, исто така, се воведуваат и во некои мнозински системи.

Одговорот на прашањето кој изборен модел најдобро функционира може да се бара во практиката, но, сепак, треба да се има предвид дека секоја земја има свои специфични услови на функционирање, па затоа е тешко да се прават паралели. Сепак, на располагање стојат емпириските податоци и споредбите што се правени од научен аспект.

Според студијата во издание на ИДЕА „*Дизајн за еднаквост*[49]“, ***најдобра застапеност на жените се постигнува преку пропорционалните модели на гласање, особено пропорционални системи со големи изборни единици***. Сепак, едноставно употребата на системи со пропорционални листи без одредби за квоти не обезбедува голема застапеност на жените.

Големината на изборната единица има директно влијание на веројатноста жени да бидат номинирани и избрани. Доколку партиите можат да номинираат повеќе од едно лице, тогаш би постоела поголема веројатност да предложат балансирана листа отколку кога би требало да номинираат само едно лице во изборна единица. Доколку треба да се номинира само еден кандидат, најверојатно кандидатот ќе биде маж затоа што се сметаат како широкоприфатливи кандидати. Тоа би бил помал проблем кога големината на изборната единица е поголема и може да се номинираат неколку поединци избрани од една партија, со што се зголемува веројатноста партиите да номинираат жени на поатрактивни позиции.

Поврзано со големината на изборната единица е и големината на партиите. Бидејќи првите места на кандидатските листи или во партиската хиерархија најчесто се за мажи (партиското раководство), колку е поголема партијата толку се поголеми шансите за жените затоа што партиите ќе ги пополнат вторите и последователните места на листите со кандидати покрај нивните врвни кандидати. Бројот на избрани партии може да се ограничи, на пример, со законски праг на поддршка која е потребна за застапеност во законодавниот дом (на пр., 5 % од гласовите). Сепак, со ова се исклучуваат малите партии да влезат во законодавниот дом.

Изгледот на гласачкото ливче дефинира како гласачите го изразуваат нивниот избор. Изборните системи може да бидат или фокусирани на кандидати

[49] https://www.idea.int/sites/default/files/publications/designing-for-equality.pdf (пристапено на 19 мај 2021 година)

(на пр., мнозински систем) или фокусирани на партија (на пр., системи со затворени пропорционални листи). Полесно е да се применат квоти во изборни системи кои се фокусирани на партии затоа што кандидатите избрани од секоја партија ќе бидат определени од страна на партиите при номинацијата отколку од страна на гласачите на денот на гласањето.

Подолу следат неколку различни комбинации на изборни системи и структура на избирачкото ливче кои се користат за да се постигне поголема застапеност на жените.

●*Системи што имаат втор слој во комбинација со резервирани места - слој само за жени-кандидати*

Сите системи може да трансформираат еден постојан слој во слој посветен само за жени или дополнително да додадат слој само за жени-кандидати. Со тоа се гарантира да се изберат онолку жени колку што налага квотата. Пример за ваква комбинација има во Пакистан.

●*Пропорционални листи со мали изборни единици + регулирање на процентите со правила за рангирање* (на пр., „зип квоти“)

Оваа комбинација гарантирано функционира кога станува збор за затворени листи. Доколку листите се отворени, редоследот може да се промени, со што би се променило однапред определеното рангирање. Ефективноста е помала во системи со пропорционални листи со мали изборни единици отколку во системи со пропорционални листи со големи изборни единици бидејќи поради големината на партијата поголема е веројатноста да се изберат повеќе мажи (кои најчесто се највисокорангирани) дури и во системи со „зип квоти“. На овој проблем може да се одговори во рамки на партиите со заменување на носителите на листите, со што на некои листи носители ќе бидат мажи, на други жени. Пример за оваа комбинација се среќава во Доминиканската Република и во Еквадор.

●*Пропорционални листи со големи изборни единици + номинации - регулирани проценти без правила за рангирање*

Со оваа комбинација значително се зголемува веројатноста за избор на жени, особено во случај на големи партии затоа што и жените што се наоѓаат подолу на листите се избрани.

●*Пропорционални листи со големи изборни единици + номинации - регулиран процент со правила за рангирање (на пр., „зип квоти“)*

Оваа комбинација гарантирано функционира кога листите се затворени. Доколку листите се отворени, редоследот може да се промени, со што ќе се наруши однапред утврденото рангирање. Оваа комбинација е за нијанса помалку ефективна во системи со пропорционални листи со мали изборни единици отколку во системи со пропорционални листи со големи изборни единици поради големината на партијата и веројатноста да се изберат повеќе мажи (кои се повисокорангирани) со „зип квоти“. Примери за оваа комбинација се Аргентина, Белгија, Костарика и Ирак (за изборите во 2005 година), но и нашата држава Северна Македонија.

●*Блок-гласање + резервирани места - систем на најдобар губитник*

Ова е возможно и може да функционира само кога нема доволно жени-кандидати. Со овој модел се поттикнуваат партиите да номинираат жени-кандидати со цел да не загубат места на сметка на конкурентните партии. Пример за оваа комбинација се среќава во Јордан.

●*Партиско блок-гласање + номинации - регулиран процент без правила за рангирање*

Оваа комбинација гарантирано функционира затоа што целата листа се избира доколку го освои највисокиот процент гласови. Независните кандидати, кои можат да го намалат ефектот на квотата не би влијаеле многу затоа што нивните шанси за победа се минимални. Примери за оваа комбинација се Камерун (доброволни партиски квоти усвоени од двете најголеми партии) и Џибути.

●*Партиско блок-гласање + номинации - регулирани проценти со прописи за рангирање (на пр., „зип квоти“)*

Оваа комбинација гарантирано функционира подеднакво добро како и без пропис за рангирање затоа што целата листа се избира доколку го освои највисокиот број гласови.

●*Поединечен пренослив глас + резервирани места - систем на најдобар губитник*

Оваа комбинација е возможна според истата логика како блок-гласањето и поединечниот непренослив глас. Кога сите резервирани места се пополнети во секоја изборна единица, доколку не се избере ниедна жена, се избираат оние жени што освоиле најголем број гласови.

●*Мешан пропорционален систем + резервирани места - слој само за жени-кандидати*

Оваа комбинација гарантирано избира онолку жени колку што се предвидени со квотата.

●*Борда гласање + резервирани места - систем на најдобар губитник*

Оваа комбинација е возможна според истата логика како и блок-гласањето, поединечен непренослив глас и поединечен пренослив глас, но само во изборни единици каде што се избираат повеќе претставници.

**Најмалку погодни комбинации**

Повеќето од системите со едномандатни единици имаат пречки за жени-кандидати, така што може да се заклучи дека тие претставуваат најмалку погоден модел за застапеноста на жените. Изборните системи што ја отежнуваат примената на квотите се системите што користат мали изборни единици каде што гласањето е фокусирано на кандидатите и децентрализираните постапки за номинација на кандидати коишто резултираат со низок опфат на партиите, на пример мнозинскиот систем, системите со два круга и алтернативното гласање. Голем дел од системите што се фокусирани на кандидатите не дозволуваат однапред утврдено рангирање затоа што самите гласачи го утврдуваат редоследот на кандидатите на денот на гласање. Дури и пропорционалните системи, како што е и поединечниот пренослив глас, може да бидат тешки да се

комбинираат со одредени квоти затоа што и тие повеќе се фокусираат на кандидатите.

**Инклузија на други маргинализирани групи**

**Во одредени земји квотите се применуваат и за избор на малцинства врз основа на регионални, етнички, лингвистички или религиозни поделби.**

Исто така, постојат начини да се зголеми застапеноста на малцинствата и на заедниците. Повторно, изборните системи што имаат големи изборни единици ги охрабруваат партиите да номинираат кандидати од малцинствата врз основа на тоа дека со балансирани изборни листи тие ќе ги зголемат своите изборни шанси. Во тој случај се поставува многу низок праг или целосно се отстранува формалниот праг во пропорционалните системи со цел да се олесни застапеноста на недоволно застапените или незастапените групи. Во мнозинските системи понекогаш се резервираат места за малцинствата или за заедниците.

Резервираните места може да се користат за да се осигури застапеноста на специфични малцински групи во законодавните домови. Местата се резервираат за определени етнички или религиозни малцинства во држави кои се разновидни како Колумбија, Хрватска, Индија, Јордан, Нигер, Нов Зеланд, Пакистан, Словенија и Тајван.

Претставниците за овие резервирани места вообичаено се избираат на речиси истиот начин како и другите претставници, но понекогаш се избираат само од членови од малцинските заедници кои се посочени во Изборниот законик. За ова е потребно да постои избирачки список на заедницата. Иако се смета дека е добро да се нормира застапеноста на малцинствата, за подобра стратегија се смета воспоставување структури со кои се овозможува репрезентативен законодавен дом без правна обврска затоа што во одредени случаи резервирањето места за малцинствата може да доведе до анимозитет кај мнозинската заедница и да доведе до недоверба помеѓу различните групи[50].

**Застапеност на младите**

Каков изборен систем ќе се користи, исто така, влијае и врз застапеноста на младите во законодавните домови, односно дали изборниот модел предвидува одредени поттикнувачки мерки за номинација на млади кандидати. Како и претходно што беше спомнато, системите што користат пропорционални листи ги поттикнуваат политичките партии да постои одреден баланс на кандидати кои доаѓаат од групи со различно потекло. Наспроти ова, во земјите со мнозински систем внимание се посветува на поединечните кандидати кои често доаѓаат од одредена политичка елита и најчесто се средовечни мажи.

Одредени земји, како Кенија, Киргистан, Руанда, Тунис, Уганда и Шри Ланка, имаат усвоено одреден тип квота за да се поттикне застапеноста на младите. Исто како и во случајот со застапеноста на жените, квотите за младите имаат различни форми, но, генерално, спаѓаат во следниве категории:

- загарантирани места (уставни и/или законодавни)

---

[50] Electoral System Design: The New International IDEA Handbook (пристапено на 21 мај 2021 година)

●правни квоти за кандидати (уставни и/или законодавни)

●доброволни партиски квоти

Неколку држави имаат загарантирани места за млади претставници со цел промоција на инклузивност во законодавните домови. Тука спаѓаат следниве примери:

●Кенија има 12 загарантирани места за кои политичките партии номинираат кандидати да застапуваат одредени интересни групи (млади, лица со попреченост и работници), а на листата застапеноста треба да биде подеднакво од двата пола, и мажи и жени, кои наизменично се застапени на листата.

●Уганда има пет места за лица под 30 години, од кои едно лице мора да е жена.

●Руанда има двајца пратеници што се избираат од Националниот младински совет. Покрај овие две места, едно место е загарантирано и за лице со попреченост.[51]

Финансирањето игра важна улога во изборниот процес во сите држави. Финансирањето е особено проблематично кога трошоците за кампањи се високи, со што се ограничува учеството на одредени поединци, особено на маргинализираните групи, вклучително и на жените, младите и лицата со попреченост, кои се соочуваат со културолошки и со општествени бариери кога не постојат воспоставени правни рамки или механизми за да се контролираат трошоците и донациите за политичките партии, со што се создава нееднаков терен.

Одредени држави имаат воведено и државни субвенции со цел да се поттикне политички плурализам и политичко учество на маргинализираните групи. Така, во Кенија и во Ирска постојат законски одредби со кои се бара политичките партии да искористат дел од нивните финансии за да се зголеми младинската политичка застапеност.

Во Кенија, во согласност со закон, најмалку 30 % од директните јавни финансии за партиите треба да се користат за унапредување на застапеноста во Парламентот и во општинските собранија на жените, лицата со попреченост, младите, етничките и другите малцинства, како и на маргинализираните заедници[52].

Додека, пак, во Ирска се предвидува добиените финансии кога се трошат од страна на квалификуваните партии да вклучуваат дел и за унапредување на учеството на жени и млади лица во политички активности.

[51] Quotas for Youth (пристапено на 20 мај 2021)

[52] National Council for Law Reporting, “Laws of Kenya: The Political Parties Act, 2011,” http://kenyalaw.org/kl/fileadmin/pdfdownloads/Acts/PoliticalPartiesAct.pdf.

# Ставови на граѓаните и политичките партии за промена на изборните правила

**истражување спроведено од**

**Институт за социолошки и политичко-правни истражувања**

**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Истражувачки тим:**

вонр.проф.д-р Бојана Наумовска

проф.д-р Анета Цекиќ

асс.д-р Јован Близнаковски

асс.м-р Милка Тодоровска

# Вовед

Истражувањето поврзано со ставовите на граѓаните и политичките партии за промената на изборните правила беше изработено по барање на Националниот демократски институт (НДИ) во рамки на нивната Програма за изборен интегритет. Националниот демократски институт учествуваше во изработката на методологијата и го набљудуваше спроведувањето на истражувањето.

Истражувањето претставува истражување составено од два дела, со цел податоците за најзначајните прашања да можат да се споредат. Првиот дел, насловен „Ставовите на политичките партии за промена на изборните правила“, е составен од анализа на одговорите на партиите во однос на повеќе теми. По електронски пат беше доставен прашалник до 18 политички партии врз основа на следните критериуми: партии кои самостојно настапувале на изборите и освоиле пратенички места, мали партии кои постојат подолг временски период и активно делуваат во јавноста, партии кои го актуелизираат прашањето за промена на изборниот модел (или поднеле предлог за измена на истиот) и партии на помалите етнички заедници. Прашалникот имаше за цел да ги опфати размислувањата и ставовите на партиите за повеќе прашања поврзани со реформи на изборниот модел кои во јавноста се споменуваат, како што се: број на изборни единици, изборната формула, изборен праг, отворени листи, загарантирани пратенички мандати за помалите етнички заедници, како и локални избори за градоначалник во еден круг.

Во вториот дел од истражувањето, фокусот е ставен на ставовите на граѓаните за изборните промени, како и за други елементи кои се значајни за политичкото претставување. Анализата е направена врз основа на реализирани 6 фокус групи со граѓани кои не се политички активни од сите изборни единици. При селекцијата на испитаниците се внимаваше на соодветна застапеност во однос на: полот, степенот на образование, средината на живеење и етничката припадност. Темите кои беа опфатени во овој дел се: интерес за политика, гласање, претставување на граѓаните, промена на изборниот модел (промена на број на изборни единици, отворени листи, локални избори), гласање за мала партија, претставување на млади и жени во политика. Фокус групите беа реализирани онлајн преку платформата Зум.

Истражувањето е спроведено во текот на месеците април и мај 2021 година.

Во креирањето на инструментите, ова истражување ги имаше предвид податоците од теренската анкета Поглед на Собранието[53] на Институтот за демократија, како и анализата насловена *Пренос на гласови во мандати - како до фер и рамноправна распределба* подготвена од истражувачите Златко Атанасов и Дејан Димитриевски.

Во продолжение се дадени анализите на двата дела, како и заклучните согледувања.

[53] https://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2021/04/MKDWEB_A4_Terenska_anketa_mart_2021-2.pdf

# Ставови на политичките партии за промена на изборните правила

Во оваа анализа се опфатени ставовите на 14 политички партии кои во предвидениот период (од 28 април до 10 мај 2021 год.) по електронски пат одговорија на доставениот анкетен прашалник. Партиите до кој е доставен беа селектирани врз основа на следните критериуми: партии кои самостојно настапувале на изборите и освоиле пратенички места, помали партии кои постојат подолг временски период и активно делуваат во јавноста, партии кои го актуелизираат прашањето за промена на изборниот модел (или поднеле предлог за измена на истиот) и партии на етничките заедници кои се под 20%.

| Реден број | Одговориле на прашалникот | Не одговориле на прашалникот |
|---|---|---|
| 1 | Внатрешна македонска револуционерна организација - Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ) | Левица |
| 2 | Демократска унија за интеграција (ДУИ) | ВМРО-НП |
| 3 | Алијанса за Албанците (АА) | Демократска партија на Србите во Македонија |
| 4 | Алтернатива | Партија за движење на Турците |
| 5 | Движење БЕСА | |
| 6 | Либералдемократска партија (ЛДП) | |
| 7 | Демократски сојуз (ДС) | |
| 8 | Интегра | |
| 9 | Твоја партија | |
| 10 | Партија за општествен и економски развој (ПОЕН) | |
| 11 | Сојуз на Ромите во Македонија (СРМ) | |

| | | |
|---|---|---|
| 12 | Демократска партија на Турците во Македонија (ДПТМ) | |
| 13 | Демократска обнова на Македонија (ДОМ) | |
| 14 | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | |

Анкетата е составена од 8 прашања со дополнителни 4 потпрашања на теми поврзани со можни изборни промени, како што се: број на изборни единици, изборната формула, изборен праг, отворени листи, загарантирани пратенички мандати за помалите етнички заедници, локални избори во еден круг. Во продолжение следи анализата одделно за секое прашање.

1. **Веќе подолго време дел од политичките партии го наметнуваат прашањето за промена на бројот на изборни единици од 6 во 1 ИЕ, ваквата промена би значела поинакво распределување на минимум 4 мандати, а во исто време би значело и еднакво вреднување на секој глас. Кој е ставот на вашата политичка партија, колку промената во една изборна единица е прифатлива за Вас?**

Врз основа на дадените одговори на ова прашање, од вкупно 14 политички партии 9 се залагаат или ги поддржуваат промените на изборниот модел во однос на бројот на изборни единици во насока на постоење на само една изборна единица. Во оваа група се партиите: СДСМ, ЛДП, Демократски сојуз, Интегра, Твоја партија, ПОЕН, ДОМ, Сојуз на Ромите во Македонија и Демократската партија на Турците во Македонија. Како аргументи за оваа промена ги истакнуваат: еднаквото вреднување на секој глас, распределбата на мандати соодветно на добиените гласови што значи и реален одраз на определбата на граѓаните, еднаквата можност на сите партии; отворање на можност за нови политички идеологии, визии и идеи и зголемувањето на конкурентноста во овој дел; „*демонтажа на еднопартискиот систем на владеење*“ што би резултирало со департизација на институциите. За овој дел од СДСМ напоменуваат дека реформите треба да бидат направени со консензус.

Движењето БЕСА смета дека најсоодветно би било кога територијата би била организирана во 3 изборни единици, за Алијансата на Албанците најсоодветно решение би биле 8 изборни единици, а Алтернатива нема јасно искажан став во однос на ова прашање, односно сметаат дека изборниот модел треба да ја „*отсликува реалноста и праведноста на секоја етничка и политичка заедница*“. За ДУИ неприфатлива е варијантата за една изборна единица заради намалување на можноста за претставување на сите помали средини што би значело носење на закони кои не се во интерес на сите, а ваквата промена би значела и намалување на можноста за формирање и функционирање на стабилна Влада.

Според претставникот на ВМРО-ДПМНЕ прифатливо е една изборна единица со изборен праг што би значело еднакво вреднување на секој глас и стабилно Собрание. Според тоа алтернатива би претставувал мнозински модел со 120 изборни единици.

**(дополнително прашање) Со ваквата промена кој е ризикот во однос на претставувањето во Собранието на помалите и рурални средини?**

По однос на ова прашање, партијата ДУИ го потенцира ризикот од непретставување на руралните и помалите средини во Собранието доколку изборите се организираат на територијата на цела држава како една изборна единици. Во истата насока се движат и размислувањата на претставникот од ВМРО-ДПМНЕ, според него со ваквата промена поголем примат би имале кандидатите кои доаѓаат од местата со поголема избирачка база, што би можело да резултира помалите населени места да не добијат свои претставници.

Според Демократската партија на Турците, ПОЕН, Демократскиот сојуз **оваа промена не претставува ризик** бидејќи истото може да биде многу лесно надминато од страна на политичките партии. Во истиот контекст и од СДСМ не гледаат ризик од ваквата промена, туку шанса за што подиректна презентација на волјата на граѓаните. Од Интегра сметаат дека една изборна единица им дава можност на сите да излезат на политичкиот пазар со свои идеи, а за Твоја партија оваа промена ќе отвори нови начини за комуникација со граѓаните. Според ДОМ и во сегашниот состав практично нема пратеници од руралните средини, но и на листите од една изборна единица има кандидати кои живеат во друга изборна единица. Партијата Алијанса за Албанците застапеноста не ја гледаат за ризик, повеќе се загрижени за капацитетот на Собранието и активноста на пратениците од руралните и помалите средини.

Движењето БЕСА не истакнува ризици, единствено сметаат дека три изборни единици е најсоодветното решение. Партијата Алтернатива истакнува дека хетерогеноста е вредност, но притоа не наведуваат дали оваа вредност би била нарушена со промената на моделот.

Во однос на ова прашање иако мислењата се различни, доминира ставот дека не препознаваат ризик кој не може да биде надминат.

2. **Изборната формула исто така игра голема улога во распределбата на мандатите, симулациите покажуваат дека доколку Донтовата формула се замени со Сент-Лагиевата формула или Харе квотата ќе се добие поинаква распределба на мандатите. Доколку бројот на изборни единици остане ист, а се смени начинот на пресметување на мандатите, 4 пратенички места ќе бидат поинаку распределени, додека пак во услови на една изборна единица и промена на изборната формула 6 пратенички места ќе бидат поинаку распределени (според резултатите од последните избори). Кој е ставот на Вашата политичка партија, дали е време да се замени Донтовата формула која ги фаворизира големите партии?**

Врз основа на дадените одговори на ова прашање може да се види дека и во иднина е потребно да се одвива интензивна дискусија помеѓу политичките

партии вклучително и стручната јавност во однос на сите прашања поврзани со изборните реформи. Иако ова конкретно прашање се однесуваше на потребата од промената на Донтовата формула, партиите Алијансата за Албанците, СДСМ и ДУИ сметаат дека во рамките на дискусија за посеопфатни промени треба да се разгледа и прашањето за промена на изборната формула.

Како посоодветна формула Сент-Лагиевата формула или Харе квотата ја истакнуваат партиите ПОЕН, Алтернатива, Интегра, ЛДП, а за Твоја партија потребна е промена. Дополнително, фаворизирањето на големите партии како недостаток на политичкиот систем и пречка за понатамошен развој го истакнуваат партиите Интегра, Твоја партија, ПОЕН, Демократската партија на Турците. На ова прашање подготвени се да дискутираат ДОМ и Движењето БЕСА. За ВМРО-ДПМНЕ најголем проблем претставуваат нерегуларните избори кои имаат многу поголем ефект на распределбата на гласови од што би имала промената на изборната формула. Партиите Сојуз на Ромите во Македонија и Демократски сојуз сметаа дека демократијата сè уште не е зрела за оваа промена или пак дека Донтовата формула не треба да се промени.

Во однос на ова прашање може да се заклучи дека ставовите на анкетираните партии се поделени, од една страна речиси половина од партиите сметаат дека треба да има промена во насока на еднакво вреднување на секој глас и престанокот на фаворизирање на големите партии, а од друга страна се партиите кои сè уште немаат јасен став, сметаат дека овие реформи мора да се разгледуваат во контекст на поголеми промени и со поширока јавна дебата, или пак дека сè уште не е време за промени.

3. **Доколку реформите на изборниот модел одат во насока на постоење на само една изборна единица (без разлика која формула би се користела за пресметување на мандатите) се наметнуваат и прашањата дали е потребно воведување изборен праг, колку проценти истиот би требало да изнесува, какви ефекти би имала оваа промена (во однос на помалите политички партии, партиите кои застапуваат специфични интереси на граѓаните, партии кои застапуваат интереси на конкретни етнички заедници)? Кој е ставот на вашата партија во однос на овие прашања?**

Партиите се поделени во однос на прашањето дали е потребен изборен праг при хипотетичка ситуација на постоење на една национална изборна единица. Дел од партиите се залагаат за воспоставување на изборен праг (Алтернатива, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, Сојуз на Роми), но постојат разлики во мислењата околу тоа на која висина тој праг би требало да се постави. Повикувајќи се на праксата на повеќето европски држави, за ВМРО-ДПМНЕ соодветен праг би бил помеѓу 6-8%, додека за ДУИ соодветен праг е тој поставен на 5% од бројот на запишани гласачи во избирачкиот список. Сојузот на Роми се залага за воведување на минимален праг, но паралелно предлага и загарантирани места за помалите заедници (оние под 20% од населението) доколку тој праг не се оствари.

Значителен дел од партиите се нагласено против воведување каков било праг во услови на една национална изборна единица, поинаку дефиниран и како

природен праг (Алијанса за Албанците, БЕСА, Либерално-демократска партија, Интегра, Демократска партија на Турците, Демократски сојуз, ДОМ, ПОЕН). За Алијанса за Албанците и БЕСА воведувањето праг би било „нелогично“ во услови на една изборна единица, доколку целта е повисоко вклучување на помалите партии во Собранието. На сличен начин, Либерално-демократската партија предупредува дека воведувањето праг ќе има спротивен ефект од посакуваниот - вклучување на повеќе помали партии во работата на Собранието. Демократската партија на Турците, пак, потенцира дека претставувањето на сите етнички заедници е исклучително важно за македонската демократија и дека тоа би можело да се овозможи со т.н. „природен праг“.

За СДСМ и Твоја партија, воведувањето изборен праг во услови на една изборна единица треба да биде предмет на широка дебата, а дополнително од Твоја партија сметаат дека доколку се воведе таков праг тој треба да биде што понизок за да се овозможи учество на помалите партии во Парламентот.

4. **Едно од прашањата кое исто така се наметнува во јавноста е промената на изборниот модел во насока на воведување отворени листи. Дали до сега во вашата партија е дискутирано за можноста за отворени листи? Во која насока се движи дискусијата? Како би влијаела ваквата промена врз бројот на жени во Собранието? Што вие како партија би направиле за да се задржи застапеноста на жените на вашите листи?**

Без малку сите политички партии кои одговорија на оваа анкета се залагаат за воведување отворени листи (Алијанса за Албанците, Алтернатива, Беса, Демократска партија на Турците, ДОМ, ДУИ, СДСМ, Либерално-демократска партија, Сојуз на Роми, Твоја партија, ПОЕН). Како аргументи во прилог на отворените листи се истакнуваат: поквалитетно претставување (Алтернатива, Демократска партија на Турците), демократизација на политичките партии и општеството во целина (Беса, ДУИ, Сојуз на Роми, Алтернатива), повисока транспарентност на избраните пратеници (ДУИ), зајакнување на врската меѓу кандидатите и гласачите (Либерално-демократска партија) и зајакнување на учеството на граѓаните во работата на Собранието (ПОЕН). Повеќето политички партии очекуваат силни придобивки од воведувањето на отворените листи.

Две политички партии (ВМРО-ДПМНЕ и Демократскиот сојуз) повеќе ги истакнуваат слабостите од воведувањето отворени листи. За ВМРО-ДПМНЕ, моделот со отворени листи е комплексен за спроведување: од партијата потенцираат дека моделот бара сеопфатна едукација на гласачите и дека ќе создаде сериозни административни потешкотии во работата на Државната изборна комисија (ДИК) при пребројувањето на гласовите. Во истата партија очекуваат и дека моделот на отворени листи ќе создаде сериозни потешкотии за учеството на жените во Собранието. Наместо отворени листи, ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека мнозинскиот систем со 120 изборни единици ќе обезбеди подобро зајакнување на врската меѓу кандидатите и гласачите. Во Демократскиот сојуз, пак, сметаат дека моделот на отворени листи ќе води кон голем број неважечки ливчиња и кон зајакнување на поделбите во партиите проследени со тешкотии во организацијата на кампањата од различните партиски кандидати. Предлогот

на оваа партија е прво да се „тестира“ спроведувањето на отворените листи при изборот на локалните советници, а дури подоцна (доколку се покажат добри резултати) отворените листи да се имплементираат за парламентарните избори. Една партија (Интегра), пак, генерално има позитивен став за воведување на отворените листи и за придобивките кои би настанале од оваа промена, но потенцираат дека спроведувањето на оваа идеја во сегашниот момент е технички неизводливо.

Без малку сите политички партии кои сметаат дека воведувањето на отворените листи треба да се случи веднаш, не предвидуваат значителни проблеми во однос на претставувањето на жените. Исклучок од овој тренд е Твоја партија која согледува дека на поширок план учеството на жените може да биде намалено доколку не се воведе квота за процентуална застапеност на жените во услови на отворени листи. Од друга страна, Алијансата за Албанците смета дека „електоратот е доволно зрел“ за да се овозможи рамномерно претставување на мажите и жените, додека БЕСА предлага избирање на кандидатките во посебна женска конкуренција со цел да се овозможи рамноправност. Демократскиот сојуз и ДОМ се залагаат за зголемување на квотата за учество на жените на 50%, додека ПОЕН се залага распоредувањето на мандатите меѓу мажите и жените во рамки на кандидатските листи да се спроведува по паритетна основа каде разликата меѓу бројот на мандати нема да биде поголема од 1. Партијата ДУИ смета дека застапеноста може да се обезбеди со минимум квота од 40% на помалку застапениот пол. Либерално-демократската партија, пак, предлага зајакнување на кампањите на кандидатките со цел да се овозможи рамноправна претставеност на половите, без воведување дополнителни законски критериуми.

5. **Во многу држави постои пракса да постојат загарантирани места за помалите етнички заедници (најчесто едно или две). Во овој момент како е поставен изборниот модел во Северна Македонија, партиите на помалите етнички заедници (кои се под 20%) за да влезат во Собранието мора да формираат предизборни коалиции. Кој е ставот на Вашата партија за воведување загарантирани места за помалите етнички заедници? Дали треба да се воведат и како би влијаела оваа промена на квалитетот на политичката понуда и предизборните преговори?**
   - **Како би влијаела оваа промена во однос на етничката поделеност во општеството?**
   - **Дали сметате дека во моментов помалите етнички заедници се соодветно застапени во Собранието?**

Поголемиот број партии не се залагаат за решение со кое би се вовеле загарантирани места во Собранието за помалите етнички заедници. Дел сметаат дека новиот предлог, кој предвидува воведување на една изборна единица за целата земја, ќе обезбеди застапеност и без загарантирани места (ДОМ, ДС, СДСМ), или дека нивните алтернативни предлози ќе ја постигнат истата цел

(БЕСА - 3 ИЕ). ДОМ смета дека Собранието треба да ја отсликува мултиетничноста на земјата, но се надева дека во перспектива во партиите нема да доминира етничката, туку идеолошката припадност и концептот на граѓански партии. И ДС смета дека партиите треба да се стремат кон граѓански концепт. Истовремено смета дека со сегашниот модел, партиите на помалите етнички заедници, освен бошњачката и влашката заедница, успеваат да влезат во Собранието.

Дел од **партиите ја поддржуваат оваа идеја** (ДПТМ, ДУИ, Твоја партија, ПОЕН). Демократската партија на Турците смета дека моделот загарантирани места за етничките заедници е идеален модел за избегнувања на предизборните коалиции кои генерално не се функционални. ПОЕН предлага воведување на 15-20 загарантирани места (кои ќе се избираат во една посебна изборна единица) со цел надминување на „би-етницизмот“ и бирање кандидати од редот на етничките заедници од страна на поголемите партии во предизборните коалиции. Според ДУИ, доколку се постигне ваков договор, тоа ќе придонесе кон потврдување на мултиетничкиот карактер на државата. Тие сметаат дека со сегашниот модел на влез во Собранието преку предизборни коалиции, прашање е колку овие партии ги застапуваат интересите на своите етнички заедници, а колку на поголемиот коалициски партнер. Сличен став има и Твоја партија која смета дека формално помалите етнички заедници се соодветно застапени, меѓутоа се ставени во подредена и зависна положба во однос на поголемите политички партии кои можат да ги злоупотребат.

Иако експлицитно не се изјасни дали поддржува загарантирани места или не, Интегра смета дека со оваа промена ќе се зајакне граѓанскиот концепт и ќе се намали етничката поделеност кај населението.

Некои од партиите се **експлицитно против ваквиот предлог** (Алијанса за Албанците, Алтернатива). Алијанса на Албанците смета дека овој предлог ќе доведе до тоа одреден број етнички заедници да се третираат како посебни, односно како малцинства, што според нив е спротивно на принципот на мултиетничка држава. Алтернатива има негативен став кој го аргументира со можноста за злоупотреба на загарантираните места поради проблемот со тесното мнозинство.

Од СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ се наведува дека во партијата има членови од помалите етнички заедници, кои се нивни кандидати за пратеници. Дополнително од ВМРО-ДПМНЕ наведуваат дека тоа е насоката во која размислуваат, и немаат конкретен став во врска со загарантираните места. ЛДП смета дека сегашното решение, односно практиката на формирање предизборни коалиции обезбедува учество на помалите партии, претставници на етничките заедници, во Собранието и дека загарантираните места ќе ја зголемат етничката поделеност на општеството.

Сојузот на Ромите има донекаде амбивалентен став, бидејќи истакнува дека на ова може да се гледа како на дискриминација кон одредени етнички заедници (дека не се дел од народот), а од друга страна истакнуваат дека *„Откако ќе се изберат ќе се постави прашањето, која ќе биде нивната улога? Дали за важни и круцијални прашања ќе се консултира и нивно мислење или не? Знаеме дека етничката поделба ја има и сега и во секојдневието но и во*

*политиката. Затоа овие сензитивни прашања треба да се решат во нашата земја ако сакаме демократија при владеењето.*“

Во врска со моменталната застапеност на партиите на помалите етнички заедници во Собранието, дел од партиите сметаат дека е доволна (ДОМ, АА, Интегра, ЛДП, ВМРО-ДПМНЕ), додека Сојузот на Ромите, ПОЕН, ДПТМ и Алтернатива сметаат дека помалите етнички партии не се доволно застапени во Собранието. Според Твоја партија, формално тие се соодветно застапени, меѓутоа се ставени во подредена и зависна положба во однос на поголемите политички партии. ДС смета дека само некои од помалите етнички заедници не се застапени. Од партијата СДСМ сметаат дека „*Северна Македонија има вистински храм на демократијата кој го отсликува мултиетничкиот карактер на земјата. Сепак, сметаме дека е добро унапредување или отворање на нови можности за чекор напред и во однос на ова прашање*“.

6. Претходни истражувања на јавното мислење покажуваат дека граѓаните сакаат изборниот модел да се промени. Доминира ставот дека не се задоволни од квалитетот на законите кои се носат, сметаат дека пратениците ги застапуваат партиските и личните интереси наспроти интересите на граѓаните, сметаат дека пратениците се зависни од волјата на лидерот, сметаат дека промената на изборниот модел би значела поквалитетно Собрание и би се намалила улогата на лидерите. Кој е ставот на Вашата политичка партија, **колку ставот на граѓаните е важен за вашата партија во градењето на аргументација за промена на изборниот модел?**

   - **Што треба да постигне евентуалната изборна реформа во земјата? Која би била главната цел на изборната реформа (еднакво вреднување на секој глас, внатрепартиска демократија, подобро претставување на одредени групи, стабилна влада, репрезентативна и инклузивна демократија)?**

Најголемиот број партии истакнуваат дека ставот на граѓаните им е важен или многу важен при градењето аргументација за промена на изборниот модел. Според дел од нив, нивните предлози во врска со изборната реформа се всушност резултат на она што го бараат граѓаните.

ДУИ се согласува со ова, и смета дека при дизајнот на изборната реформа треба да се поканат и други чинители, како невладините организации и експертската јавност, да го дадат своето мислење. Според Твоја партија, ставот на граѓаните е исклучително важен, меѓутоа секогаш треба да биде ставен во контекст на експертските и научни сознанија за релевантната материја. Сличен став има и ВМРО-ДПМНЕ, кои истакнуваат дека во случајот со изборниот модел станува збор за исклучително стручна материја.

Кога станува збор за целта на изборната реформа, се наведуваат поголем број причини и проблеми кои треба да се адресираат со една ваква реформа. Најчесто наведуваните аргументи се поврзани со демократизацијата на партиите и општеството, самостојноста на пратениците во однос на лидерите на поли-

тичките партии, еднаквото вреднување на гласот, како и подобрата претставеност на различните групи и интереси во политиката. Некои партии наведуваат дека така ќе се зголеми и идеолошката понуда во парламентот. Партиите не го дискутираат потенцијалното влијание што промената на изборниот модел би го имала врз стабилноста на владите, во смисла на трампа со можност на поголем број помали политички партии да влезат во Собранието преку самостојно учество на изборите (што е една од главните промени што новиот изборен модел би ги внел). Според Алијанса на Албанците „прашањето на стабилна влада е прашање од втор план, кое не треба да се коси со другите цели на изборната реформа. Сметаме дека изборната реформа треба во прв ред да ги стави граѓаните, а потоа прашањата околу владата".

Исклучок е Сојузот на Ромите, според кој со реформата „*поголемите партии нема да имаат можност да имаат силно владејачко мнозинство со една страна го отвара прашањето на компетитивно формирање на Влада од сите партиципиенти, со што можноста за дијалог помеѓу власта и опозицијата би било на повисоко ниво.*"

7. **Дел од истражувачите во Северна Македонија го споменуваат Германскиот изборен модел[54] како соодветен кој би претставувал и одговор на барањата на граѓаните (намалување на улогата на лидерите, поврзување на пратениците со избирачите, поквалитетно Собрание). Дали во Вашата партија е дискутирано за овој модел? Колку сметате дека овој модел е соодветен за Северна Македонија?**

На прашањето дали во нивната партија овој модел бил дискутиран и колку сметаат дека истиот е соодветен за Република Северна Македонија, од 14 испитани партии, доминантно се добиени **неиндикативни податоци, односно 1 партија не одговорила, а во 9 партии не е дискутирано за овој модел**. Иако не е дискутирано во повеќето од политичките партии за ова прашање, поголемиот дел од нив се отворени за понатамошно разгледување на овој модел, но сметаат дека треба на овој процес да претходат детални анализи, согледување на искуствата на другите држави, како и стручна дебата во нашето општество.

Од преостанатите партии, според Демократскиот сојуз ваквиот модел би го усложнил изборниот процес, ЛДП би застанала позади секоја промена која придонесува кон подемократско општество и поголема партиципативност на

[54] Германскиот изборен модел претставува комбиниран модел во кој половина од пратениците се избираат според мнозинскиот начин, а половина според пропорционалниот модел. Но и покрај тоа што овој модел е комбиниран тој пред сѐ се грижи за соодветната пропорционална распределба на мандатите. Ваквиот баланс се обезбедува преку одземање на едномандатните места од вкупниот број на мандати кои и припаѓаат на една партија а бројот е утврден според гласањето за партиската листа (пример. Доколку партија X освои 30% од вкупниот број гласови дадени за партиските листи, што е еднакво на 179 пратеници, а притоа во едномандатните изборни единици свој пратеник освои во 100, 79 места добива од партиската листа). За да се обезбеди целосна пропорционалност, овој модел има можност и за дополнителни места.

граѓаните, а за партијата Алтернатива најсоодветен модел би бил пропорционалниот со отворени листи.

8. Кога градоначалниците би се избирале во еден круг, локалните избори би чинеле поевтино, ќе се избегнат политичките „пазарења“ помеѓу двата круга, но градоначалниците би биле избирани од помал број граѓани што можеби во прашање го доведува легитимитетот на избраните кандидати. **Што треба да биде приоритетно од овие аргументи? Кој е ставот на вашата партија, локални избори за избор на градоначалници во еден или два круга?**

Во однос на ова прашање  помеѓу политичките партии доминира ставот дека изборите за градоначалници треба и понатаму да се организираат во два изборни круга. Со овој начин се согласуваат 10 од вкупно 14 партии (ЛДП, ДОМ, ДС, ДУИ, БЕСА, АА, Алтернатива, ДПТМ, СРМ и ПОЕН). Во контекст на изнесените ставови доминира аргументацијата дека важноста на бројот на поединечните гласови на граѓаните како демократска придобивка, и поголемата вклученост на граѓаните во овој процес имаат битно поголема тежина од економскиот аспект, односно од финансиските трошоци. Исто така партиите го истакнуваат и легитимитетот на градоначалниците кој би бил доведен во прашање доколку изборите се организираат само во еден круг.

Според СДСМ иако вториот круг дава дополнителен легитимитет на избраните градоначалници, сепак се спремни да разговараат за ова прашање.

Останатите три политички партии (ВМРО-ДПМНЕ, Твоја партија и Интегра) го поддржуваат воведувањето на еден круг за избор на градоначалник со главна аргументација дека на тој начин би се избегнале политичките пазарења и би се потрошиле помалку буџетски средства.

**Заклучно, преовладува негативниот став и резервата во однос на принципот на бирање градоначалник во еден круг, односно доминира мислењето дека треба да се задржи актуелниот начин со два изборни круга.**

## Ставови на граѓаните за промена на изборните правила

Во насока на добивање подетални сознанија за размислувањата на граѓаните во однос на изборните промени, беа реализирани 6 фокус групи, групирани по изборни единици каде што испитаниците гласаат. Како критериуми за селекција беа поставени: партиска неактивност, возраст, пол, образование, и етничка припадност. Со фокус групите беа опфатени:

| | Националност | Пол | |
|---|---|---|---|
| 1 ИЕ 11 мај 2021 | 5 Македонци | 2 мажи | 3 жени |
| 2 ИЕ 10 мај 2021 | 3 Македонци, 2 Албанци, 1 Ромка | 2 мажи | 4 жени |
| 3 ИЕ 17 мај 2021 | 6 Македонци | 2 мажи | 4 жени |
| 4 ИЕ 18 мај 2021 | 6 Македонци | 3 мажи | 3 жени |
| 5 ИЕ 19 мај 2021 | 4 Македонци, 2 Албанци, 1 Турчин | 4 мажи | 3 жени |
| 6 ИЕ 20 мај 2021 | 3 Албанци, 2 Македонци | 2 мажи | 3 жени |
| **Вкупно:** | **26 Македонци, 7 Албанци, 1 Ромка, 1 Турчин** | **15 мажи** | **20 жени** |

20 жени и 15 мажи; 26 Македонци/ки, 7 Албанци/ки, 1 Ромка и 1 Турчин; 10 лица до 29 години, 10 на возраст од 30 до 40 години, 7 од 40 до 50 години, 5 од 50-65 години и 3 над 65 години; 19 испитаника со високо и 16 со средно образование. Фокус групите беа реализирани во период од 10ти до 20ти мај 2021 година. Анализата на одговорите во однос на поставените прашања, како и дел од размислувањата на граѓаните се дадени во продолжение.

1. **Интерес за политика**

   **Кој е Вашиот интерес за политика? Колку често следите политичка содржина, на пример, дебатни емисии на медиуми (ТВ, радио, печатени, интернет), социјални мрежи? Колку често дискутирате со**

**пријателите, роднините, колегите или други познаници на теми поврзани со политичките состојби?**

Граѓаните се прилично заинтересирани за политика, ако за тоа се земе предвид следењето на политички/дебатни емисии и информирање преку различни медиуми. Дел од испитаниците истакнуваат дека редовно следат вести, иако не се специфично заинтересирани за политика. Дел од испитаниците велат дека редовно следат дебатни емисии, а други пак избегнуваат бидејќи сметаат дека се премногу застапени, и тековни случувања следат преку пишаните портали. Исто така често се дискутира за политика со роднините и пријателите. Но, некои испитаници избегнуваат разговори за политика со луѓето со кои комуницираат за да не се појават конфликти, за кои сметаат дека се чести. Дел од граѓаните истакнуваат дека политиката е многу присутна тема во нашето општество, која е тешко да се избегне, поради што се добро информирани за политичките случувања. Некои се добро информирани што тековно се случува поради тоа што нивната работа или студиите се поврзани со потреба за следење на состојбата во општеството. Други причини за следење на политика се поврзани со барање работа, и ова се истакнува од страна на младите луѓе, или пак за други лични цели/потреби, што се истакнува и од повозрасните испитаници.

Нема значајни разлики меѓу мажите и жените, помладите и постарите испитаници, испитаниците од различна етничка припадност, или меѓу изборните единици во врска со ова прашање. Особено во изборна единица 3 граѓаните се доста заинтересирани за политика, додека во изборната единица 6 се најмалку заинтересирани во споредба со останатите изборни единици.

2. **Гласање**

**Колку често гласате? Како одлучувате за кого ќе гласате?**

- **Што влијае повеќе на Вашето одлучување: кој е лидер на партијата, кој е носител на листа, или пак дали е дел од листата некој кој го почитувате?**
- **Што влијае повеќе на Вашиот избор, изборната програма, или пак кредибилитетот кој го стекнале партиите, или пак наклоноста која ја имате кон одредена партија?**

Испитаниците од сите изборни единици редовно гласаат на избори (на сите или на повеќето) кога не се спречени да гласаат од некоја објективна причина. Една испитаничка никогаш не гласа на локални избори. Два испитаника истакнуваат дека иако скоро секогаш гласаат, тоа го прават за некој друг да не го злоупотреби нивното право на глас. Еден од овие испитаници секогаш го поништува гласачкото ливче.

Еден дел од граѓаните гласаат за опцијата за која сметаат дека во тој момент може да одговори подобро на општествените проблеми, „да направи помала штета“ или пак гласаат проопозициски за да дојде до промена на власта (гласаат против власта). Дел од испитаниците гласаат врз основа на понудите на партиите во нивните изборни програми, или поради идеолошка блискост со некоја од партиите. Доста често сметаат дека врз нивната одлука за гласање

влијае комбинација од партиската програма и понудените кандидати. Компетенциите и квалитетите на кандидатите од партиските листи исто така е важен фактор за донесување на одлуката за гласање, особено при локалните избори. Дел од испитаниците од помалите средини истакнуваат дека на локалните избори гласале и поради некаква поврзаност (пријателска, роднинска) со личности од нивната средина кои биле кандидати за носители на функција на некоја од политичките партии.

Една испитаничка се изјасни дека не ја гледа програмата бидејќи не верува дека ќе се исполни, туку гласа да ѝ даде шанса на некоја партија во која има повеќе луѓе на кои „им верува“ (жена, до 29 години, Албанка).

3. **Застапување на интересите на граѓаните**

   **Колку сметате дека пратениците во Собранието ги застапуваат интересите на граѓаните? Чии интереси застапуваат?**

Во сите изборни единици, и меѓу сите категории граѓани владее силен негативен став и разочараност од начинот на кој пратениците ја вршат својата функција на застапување на интересите на граѓаните. Граѓаните наведуваат голем број различни причини и примери во врска со ова. Најголем дел од нив сметаат дека пратениците во Собранието ги остваруваат своите лични, и партиски интереси. Сметаат дека добиваат прекумерни награди/надоместоци за нивниот ангажман. Претежно се лојални на партиските лидери и не ги остваруваат предизборните ветувања кои им ги даваат на граѓаните.

*„Најмалце ги застапуваат интересите на граѓаните. Од тие причини не гледам долги години ни парламент, ни па дебатни емисии. Тотално разочарување во изборот на пратениците.“ (маж, над 65 год, Македонец).*

*„Според некои анализи што имаат направено во Македонија, многу малку пратениците зборуваат во Парламентот. Особено зборувам за Албанците пратеници. Јас мислам дека секаде има некои пратеници кои навистина се добри, што ни ги претставуваат интересите на граѓаните. Но според мене повеќе ги претставуваат интересите на партиите и интересите што се во добивката, во индивидуалната добивка. - Значи интересите на партиите и личните интереси се пред интересите на граѓаните.“ (жена, до 29 год, Албанка).*

*„На пример сега како што е моментално, се почнува со лажни ветувања, ни претставуваат некоја утопија, што според мене нема шанси да се оствари, но кога се во Собранието ги задоволуваат нивните интереси или некои партиски интереси. Гледаат за нив да си погодат. Тие што се во позиција ги гласаат законите на нив како им одговара.“ (маж, до 29 години, Македонец)*

*„Тие ги застапуваат интересите, меѓутоа нивните интереси, кои се тендерче ваму тендерче таму. Нешто ако се направи, ама за граѓаните 80-90% ништо не се прави. Тука е разочарувањето кај сите граѓани.“ (маж, од 50 до 65 години, Македонец)*

*„Додека да станат пратеници доаѓаат по населените места, ветуваат сѐ и сешто, те чукаат по рамо, дај да победиме после е лесно, од кога ќе*

*победиме не ги гледаме веќе. Си се усидруваат таму во Скопје си земаат патни трошоци, си полнат пари и само се машина за гласање, без разлика од која партија се.“ (маж, од 50 до 65 години, Македонец)*

*„Пратениците имаат партиска задача и коалициона задача, ако се од коалиција имаат заедничка програма и тие по секоја цена ја бранат програмата заедничка. Ако се во опозиција исто така и тие се во некоја соработка, тие работат на планот власта што помалку резултати да испорача пред јавноста...интересите на граѓаните не се земени воопшто предвид...“ (маж, 50-65 години, Турчин).*

*„На граѓаните не, прво личните интереси, па нивните клански интереси, па партиските и другите интереси, другото сè е популизам. Има мал број луѓе кои можеби поаѓаат со добри намери, но апсолутно преовладуваат оние кои не ги застапуваат нашите интереси. Кај нас, сите луѓе кои влегуваат во политика, еве имам и примери од блиски кои се во политика, уште пред да влезат во партија и пред избори, сите ги интересира само како да дојдат до финансии. Значи, парите им се целта, не граѓанските интереси.“ (маж, 30-40 години, Албанец)*

4. **Веќе подолго време дел од политичките партии го наметнуваат прашањето за промена на бројот на изборни единици од шест во една изборна единица, и застапниците на овој став тврдат дека со тоа се дава приоритет на еднаквото вреднување на секој глас. Дали сте запознаени со оваа иницијатива и што мислите во однос на еднаквото вреднување на секој глас?**
    - **(Дополнително прашање) Според податоците од последните избори, гледано во просек, за да се стане пратеник од четвртата изборна единица биле потребни околу 8,500 гласови (каде што има најголема излезност), додека да се стане пратеник од шестата изборна единица биле потребни околу 6,190 гласови (каде што има најмала излезност). Кој е Вашиот став, дали секој глас на граѓаните треба да биде еднакво вреден, или пак се дозволени и вакви разлики?**
    - **Воведување на една изборна единица би значело дека може да има поголем број на помали политички партии во Собранието, а од друга страна големите партии би освоиле помалку пратеници, што најчесто значи дека ќе им требаат повеќе помали партии за формирање на стабилна владина коалиција. Кој е Вашиот став? Дали е поважно да имаме стабилна Влада (со посилни големи партии) или пак е поважно собранискиот состав поточно да ги одразува ставовите на граѓаните?**
    - **Доколку територијата не е поделена на региони (изборни единици), дали сте загрижени дека најголем број од пратениците ќе бидат од Скопје и Тетово? Дали другите региони би ја изгубиле застапеноста во Собранието?**

Во однос на оваа тема не се идентификувани разлики во однос на етничката, возрасната и половата припадност. Постојат разлики само во однос на изборните единици, помала е запознаеноста што значи промената од шест во една изборна единица помеѓу испитаниците од Скопје во однос на учесниците од останатите градови и изборни единици.

Незадоволството од случувањата во политичкиот живот во континуитет гледано е видливо кај сите испитаници. Согласно наведеното  ставот на испитаниците е дека се потребни промени на начинот на избор на пратеници. Постои генерална поддршка за еднаквото вреднување на секој глас, оставањето поголем простор за малите политички партии и воведувањата на една изборна единица за парламентарни избори. Дел од испитаниците немаат јасна слика што значи промената од шест во една изборна единица, многу често ја поистоветуваат со отворените листи, но и овие испитаници ја истакнуваат потребата од промена.

Испитаници кои подетално се запознаени со можноста за промени на бројот на изборни единици сметаат дека големите партии (ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ) нема да ја поддржат промената бидејќи не им одговара.

*“можеби треба да се случи таква политичка промена за малку да се тргнеме од ова политичко лудило кое ни се случува години, години наназад и нѐ води само кон сѐ поголеми глупости политички“ (жена, 40-50 год., Македонка)*

*...“ако се губат гласовите тогаш зошто воопшто би гласале ако нашиот глас не вреди ништо“ (жена, до 29, Македонка)*

*...„доколку си фер и демократска држава една изборна единица би била супер избор“ (жена, до 29год, Албанка).*

*“тие го гледаат само интересот на партија а не и интересот на државата“ (маж, 50-56,  Турчин).*

*„Со една изборна единица со повеќе учесници во владината коалиција, јас мислам дека Владата повеќе ќе биде контролирана од помалите политички партии така што големите ќе го немаат луксузот да прават што сакаат, во класичен смисол на зборот.“ (маж, 30-40год, Албанец)*

Со исклучок на неколку испитаника од Скопје, сите останати (без разлика на етничката и возрасната група) сметаат дека не би требало да се гледа како проблем на претставувањето на помалите места и рурални средини кога територијата би се организирала во една изборна единица. Образложенијата се движат во неколку насоки: и во моментов нема многу пратеници од помалите места; во оваа поделеност со шест изборни единици многу често има кандидати за пратеници од Скопје кои се на листите во другите изборни единици; партиите ќе се погрижат да имаат претставници можеби и повеќе од досега за да ги привлечат гласачите; генерално се знае кое место колку гласачи има и колку пратеници би требало да има во Собранието.

*“Без разлика од каде и да се кога ќе станат пратеници, се поскопјануваат. Купуваат станови во Скопје, отвараат фирми во Скопје. Скопје е држава во држава“ (маж, 40-50 год, високо, Македонец).* Во овој дел исто така се споменува дека секако речиси пола држава живее во Скопје.

**5. Кога начинот би останал ист, а тој ги фаворизира големите политички партии, дали би гласале за мала партија, (ова би можело да значи**

**дека Вашиот глас може да биде изгубен доколку во Вашата изборна единица партијата не собере доволно гласови за еден пратеник)?**

- **Кога бројот на изборни единици би се променил и имаме само една изборна единица, што би значело дека сите партии имаат еднакви можности за влез во Собранието, дали би гласале за мала партија?**
- **Зошто би гласале за условно земено мала партија? Дали сте подготвени да гласате за кандидати за пратеници од помала партија која се залага за одредено прашање (како на пример се залага за заштита на животната средина или се залага за правата на одредена етничка или религиозна група)? Дали сметате дека овие гласови во моментов недостасуваат во Собранието?**
- **Во многу држави постои пракса да постојат загарантирани места за помалите етнички заедници (најчесто по едно или две) за кои сите партии кои ги застапуваат интересите на овие малцинства се борат за тоа место. Во овој момент како е поставен изборниот модел во Северна Македонија, партиите на помалите етнички заедници за да влезат во Собранието мора да формираат предизборни коалиции. Што мислите за воведување на загарантирани места за помалите етнички заедници? Дали треба да се воведат?**

Генерален став во сите фокус групи е дека би гласале за мала политичка партија, бидејќи треба да им се остави повеќе простор на малите партии затоа што промените сметаат дека можат да се случат преку помалите партии. Ставот за гласање за мала партија кај најмладите учесници е понагласен како и потребата за промени. Во овој дел разлики се јавуваат во ИЕ5 и ИЕ6 каде што јасно се гледа дека испитаниците би биле многу повеќе спремни својот глас да го дадат за мала партија кога би имале само една изборна единица.

И во однос на одговорите на ова прашање се чувствува незадоволството на граѓаните од политичкиот живот во Македонија и улогата на големите партии во тој процес. Граѓаните јасно го изразуваат своето незадоволство за целиот период од осамостојувањето па сè до денес и сметаат дека двете најголеми политички партии се одговорни за тапкањето во место (а според некои и уназадувањето) на државата.

*„За малку да се замислат големите партии доколку на едни избори некои им земе десет, петнаесет пратеници, некој што претходно немал ниту еден пратеник, не значи дека тој понатаму ќе продолжи како голема партија, ќе ги освести малку во нивното работење“ (маж, до 29 год, Македонец)*

*...„во 30 години еден домаќин не се најде до сега, во вистинска смисла, за државава“ (маж, над 65, Македонец)*

*...„ Да им биде за памет  на големите политички партии, малку да се разбудат од зимскиот сон и да почнат нешто да поработат за доброто на граѓаните. Да има добар корисен натпревар помеѓу нив, зошто да не.“ (жена, 30-40 год, Македонка)*

*...„ Кога последен пат интерпелација на Министер била усвоена од страна на Собранието? Интерпелација е кога еден Министер ќе направи*

*пропусти во својата работа и оние кои што го избрале за Министер, законски гледано, системски гледано се негови шефови, а тоа се пратениците, кога последен пат го избркале од работа, било кој министер?“ (маж, 40-50 год, Македонец).*

*...„ ако има една изборна единица ќе се пробијат многу повеќе помалите партии и можам јас како помлад да кажам дека на младите веќе смачено им е од овие две партии кои ги викаме машинерии и сакаме нешто ново кое што ќе ни го подобри животот“(маж, до 29 год, Македонец).*

За причини зошто не би гласале за мала партија се споменати, доколку е формирана од бивш член на голема партија, или бивши функционери кои ништо не постигнале.

*„Јас не би гласала за мала партија каде што претседател на таа партија е некој бивш функционер на пример на ДУИ, ВМРО или друга партија“ (жена, до 29 години, Албанка).* Во истата смисла беше дополнето дека не би гласале за „истрошени политичари“ кои ништо не направиле.

Најголем дел од испитаниците немаат гласано за коалиција затоа што мала политичка партија била дел од неа.

Во однос на загарантираните мандати за помалите етнички заедници, испитаниците од ИЕ1, 2, 5 и 6 се согласни за воведување на истите, ставовите во ИЕ3 се поделени, а сите испитаника од ИЕ4 сметаат дека нема оправдание за ваквата промена и се против воведување.

### 6. Отворени листи

**Според сегашниот начин за избор на пратеници и советници (на локално ниво) се гласа за партија/коалиција со однапред определен редослед на кандидати за влез во парламентот или општинскиот совет. Во одредени држави е предвидено секој гласач покрај тоа што ќе гласа за конкретна партија, да заокружи од нејзините предлози кој смета дека треба да биде прв, а во други држави е предвидено граѓаните на некој начин сами да креираат своја листа па со рангирање од 1 до 3 или до 5, ги означуваат кандидатите кои за нив се фаворити.**

- **Колку би сакале Вие како гласачи да имате можност сами да ја креирате листата на Ваши приоритетни пратеници?**

Испитаниците низ целата земја се генерално позитивни во однос на воведувањето на моделот на отворени листи, со одредени исклучоци. Испитаниците во изборните единици 4 и 6 без исклучоци се согласуваат дека моделот на отворени листи ќе влијае позитивно за демократскиот развој. Во изборните единици 1, 3 и 5, без малку сите испитаници се со истото мислење, но во овие случаи беа забележани и испитаници кои поотворено истакнуваат слабости на моделот со отворени листи и предлагаат други решенија. Исклучок од оваа генерална слика е изборната единица 2 во која повеќето од испитаниците се согласија дека недостига демократска зрелост за ефективна имплементација за отворените листи, иако идејата им е прифатлива. Таквиот аргумент беше

спорадично користен и во другите фокус групи, но единствено доби широка поддршка во фокус групата спроведена со испитаници од изборната единица 2.

Главните аргументи кои се користат за да се поддржи оваа реформа истакнуваат дека отворените листи ќе доведат до зајакнување на квалитетот на избраните претставници, зајакнување на нивото на лична одговорност на кандидатите и избраните претставници, демократизација на политичките партии и намалување на улогата на партиските лидери, како и зголемување на улогата на гласачите во изборот на кандидатите (при што гласачите навистина ќе можат да гласаат за кандидатот во кој имаат најголема доверба). Од друга страна, „противниците“ на оваа реформа истакнуваат дека отворените листи нема да бидат успешни во Република Северна Македонија затоа што недостига демократска зрелост (без малку сите испитаници од ИЕ2); не постои доволно добра кадровска понуда од партиите, и идејата дека отворените листи не гарантираат поквалитетни кандидати затоа што затворените листи, од друга страна, се составени со рангирање на личности кои веќе се докажале во партиските организации и во општеството.

Земено севкупно, се чини дека воведувањето отворени листи има широка поддршка меѓу граѓаните и дека постојат повеќе аргументи кои се користат за да се афирмира оваа идеја. Сепак, помал дел од граѓаните истакнуваат и одредени слабости на овој модел.

*„Кај нас не е возможно. Јас воопшто не би сакал да креирам сопствена листа. Немам материјал за да направам една листа.“ (маж, над 65 години, средно образование, Македонец)*

Една испитаничка (жена, од 30 до 40 години, високо образование, Македонка) смета дека рангирањето (преференцијалниот избор) би било поефикасно доколку гласачите можат да рангираат кандидати од повеќе партии истовремено, наместо од само една партија.

*„Мислам дека идејата е супер, [...], можеби тоа е идеално ама кај нас можеби е недостижно.“ (жена, од 30 до 40 години, Македонка)*

*„Јас мислам дека сè уште немаме свест за тоа што е демократија и што треба таа да направи и како треба да ја искористиме во нашата земја, а сме и премногу емотивен народ кога се збори за ова прашање. Така да не сме до толку напредни и не сме достигнале до таа цел да ние избереме луѓе.“ (жена, до 29 години, Ромка).*

*„... за мене најдоброто што може државата да го направи е да има отворени листи. Свеста ќе се постигне со годините.“ (женско, до 29 години, високо образование, урбано, Алб). Оваа испитаничка истакнува дека отворените листи би довеле до повисоко ниво на лична одговорност меѓу избраните претставници.*

*„Мора да има отворени листи, тука не треба ни да се поставува прашањето. Ако за ништо друго барем да им дадете можност на луѓето од помалите населени места да си гласаат за нивните кандидати, да им дадат барем шанса да влезат во Собранието. Прашањето не треба да се поставува, тоа треба да оди рака под рака, едното со другото.“* (појаснување: под „едното со другото“ се мисли на севкупна реформа кон една изборна единица и отворени листи).

*„намалување на авторитетот на партискиот лидер што моментално го има во креирањето на ваквите партиски листи“ (жена, до 29 години, Албанка)*

*„Треба да се проба со отворени листи кај нас, да видиме како ќе функционира, зашто досегашната пракса ни кажува дека вака со затворени листи имаме пратеници кои што ни се повторуваат од циклус во циклус. Имаме вечити пратеници. Ако се отворени листите имаме шанса да го бираме тој што мислиме дека е подобар за нас и дека ќе направи нешто…“ (маж, 30-40 години, Албанец)*

*„Кај нас нема да функционира зашто во една поголема политичка партија ако некој кандидат бил стоти, значи тој не бил квалитетен, не би бил стоти туку ќе бил втори, трети, петти. Во една структура некој бил стоти, не би бил стоти ако вистински бил квалитетен и ако вредел.“*

## 7. Локални избори

**Во октомври или подоцна нѐ очекуваат локални избори. За избор на градоначалници, како што знаете тие се организираат во два изборни круга. Во првиот се натпреваруваат сите, а во вториот само двајцата кандидати кои добиле најмногу гласови. Но што ако локалните избори бидат само во еден круг? Тие би чинеле многу поевтино, нема да има можност за политички пазарења (кои што се од личен или партиски интерес) помеѓу двата круга, но градоначалниците би биле избирани од помал број на граѓани. Кој е вашиот став, локалните избори треба да бидат во еден или во два круга?**

Соочени со информациите дека доколку изборот на градоначалниците се спроведува во еден круг изборите ќе чинат многу поевтино и ќе се намали можноста за политички пазарења, граѓаните кои учествуваа во фокус групите во голема мера ја поздравуваат идејата за реформа кон само еден изборен круг за градоначалници. Голем дел од испитаниците ја истакнуваат економската придобивка од оваа реформа.

*„Мислам дека е подобро во еден круг бидејќи сите избори и локални и парламентарни чинат многу, а тоа е сѐ на грбот на нас граѓаните на Македонија. Затоа во еден круг мислам дека е подобро.“ (жена, над 65 години, Македонка)*

*„Јас сметам дека од повеќе аспекти е поквалитетно да се оди на еден изборен круг. Од економски аспект би било поевтино а во однос на квалитетот ништо нема да промени, во резултатот нема да се промени ништо. Многу се мали шансите да се промени нешто во вториот изборен круг.“ (маж, 50-65, Турчин)*

*„Во 1 круг, да кошта поевтино.“ (жена, 40-50 години, Македонка)*

Исто така, голем дел од испитаниците се осврнуваат и на штетноста од феноменот на „политички пазарења“ меѓу двата изборни круга.

*„Јас сум за еден круг. Кој е добар нека се избере на време, кој е квалитетен градоначалник. Да се оди на еден круг. Да нема пазарења после тој круг.“ (маж, над 65 години, Албанец)*

*„На ваков начин ние би можеле да ги избегнеме тие партиски политички пазарења што се случуваат после првиот круг на гласање. Конкретно во [ОПШТИНА НА ИСПИТАНИКОТ] во претходните избори кои се спроведоа на локално ниво во 2014 година ако не грешам, во првиот круг имаше мнозинство гласови лицето кое беше кандидирано од [ПАРТИЈА 1]. На вториот круг се кандидираа од [ПАРТИЈА 2] и [ПАРТИЈА 1] и на крајот врз основа на некои политички пазарења победи кандидатот кој имаше многу помалку гласови отколку кандидатот на другата политичка партија. На ваков начин ќе можеме да ги избегнеме овие политички и партиски пазарења кои се случуваат од завршувањето на првиот сè до вториот круг на гласање.“ (жена, до 29 години, Албанка).*

- **Дали доколку Вашиот кандидат не освои доволно гласови за да влезе во вториот круг, Вие би излегле повторно да гласате, но за друг кандидат?**

- **Дали до сега сте имале вакво искуство, во првиот круг да гласате за еден, а во вториот круг за друг кандидат?**

Испитаниците имаат разнолики искуства во однос на гласањето на вториот круг на избори. Дел од испитаниците гласале за кандидат различен од тој за кој гласале во првиот круг во рамки на вториот круг, дел искажуваат спремност да направат такво нешто иако досега немаат такво искуство, а трети се категорични дека никогаш не би гласале за друг кандидат во вториот круг и дека досега не го направиле тоа. Се чини, сепак, дека овие разлики се истакнато индивидуални и дека не се во врска со половите, етничките, возрасните и образовните карактеристики на испитаниците, како и со нивното место на живеење или изборна единица.

### 8. Младински политики

**Колку Вашите интереси ги гледате дека се дел од политиките на Владата и законите кои ги носи Собранието? Дали сте размислувале како може интересите на младите да бидат повеќе застапени на национално ниво?**

- **Дали сметате дека има доволно млади кандидати предложени за пратеници, градоначалници и советници? (Ако не, дали ова сметате дека се должи на недостаток на искуство или нешто друго, можеби недостаток на простор што го оставаат постарите).**
- **Дали сте подготвени да гласате за млади кандидати (под 30)?**

Испитаниците од сите фокус групи, а особено младите испитаници, доминантно сметаат дека на Владата и Собранието не им се приоритет младинските интереси, а дел од испитаниците тука ја препознаваат и помалата вклученост на младите во изборниот процес.

Сметаат дека треба: да се вложи поголем напор за подобрување на благосостојбата на младите, да бидат повеќе вклучени во општествените текови и креирањето политики. *„...младите воопшто немаат вистински застапувачи на нивните права во Собранието, па дури и Законот за младинско учество кој конечно се донесе минатата година беше излобиран од страна на невладина организација, а не поради тоа што некој во парламентот се заинтересирал за младите." (жена, 30-40 год, Македонка)*

Дел од испитаниците како причина за недоволното факторизирање на младите во јавните политики ги наведоа и самите млади и нивната проактивност како причина – *„ние младите можеме да се задоволиме со многу малку...некоја од големите партии да ни каже дека ќе ни најде работно место со решение, толку, гласот ни е замолчен.„ (жена, до 29 год., Ромка).*

Сугестии за подобрување на состојбите: јакнење на гласот на универзитетите и универзитетските форуми, поттикнување младинска платформа, младинска симулација на собрание и влада, претставнички квоти за млади, поголем младински интерес за учество во обуки, семинари и процеси за подигнување на јавната свест.

Значителен дел од испитаниците, сметаат дека има задоволителен број млади пратеници, општински советници и градоначалници, сепак, еден дел сметаат дека постои простор и за поголема вклученост.

Кај помладите испитаници од сите фокус групи постои за нијанса поголем ентузијазам за гласање за млади кандидати (енергичност, ентузијазам и стручна подготвеност)

Како забелешка испитаниците ја истакнуваа и неискусноста на младите за одредени високи позиции на кои многу често ги гледаат, како и влијанието кое може повозрасните да го имаат врз нив.

*„не може прво вработување на млад да му биде функција министер или градоначалник, туку треба да помине низ некои филтри..."(маж, 30-40 год., Албанец).*

*„кога ќе седнат на фотелјата го менуваат имиџот, не се разговара со нив, ги интересира само процент, профит...исто со овие во парламент. Кога се млади се добри, но после, дали поради функцијата или поради тоа што некој ги злоупотребува...не се истите луѓе." (маж, 50-65 год, Македонец).*

Дел од испитаниците не би гласале за младо лице за градоначалник, но се согласни да гласаат за млади за претставнички функции, со поголема наклонетост кон гласање за млади за општински советници, отколку на национално ниво.

### 9. Жени во политика

**Во последните 15 години законите се менуваат во насока на поголема застапеност на жените во Собранието (сега има околу 40% жени). Сметате ли дека треба да има еднаков број на мажи и жени во**

**Собранието, 50-50%? Дали вие лично би поддржале ваква промена на Изборниот законик, доколку тој се донесе со широк политички консензус?**

- **Дали сметате дека има доволен број жени предложени за кандидати за пратеници, градоначалници и советници? Ако не, зошто е тоа така? (недостаток на доверба или искуство, недостаток на квалитетни кандидати, политиката е валкана работа, не им е оставен простор од страна на повозрасните мажи, или можеби немаат доволно време да се посветат на политиката заради грижата за домот и семејството)**
- **Дали гледате сѐ повеќе жени во политиката кои ја заслужуваат Вашата почит?**
- **Има ли жена во вашата средина/ општина за која би Ви било драго да можете да гласате?**

Доминира ставот дека мажите и жените треба да бидат еднакво застапени во Собранието, сите жени испитанички го поддржаа концептот на еднаква родова претставеност во Собранието: *„еднакви можности за политичко учество, но и мотивација за жените во иднина“ (жена, до 29 год.,Албанка)*

Фокус групата од ИЕ 5 најнедвосмислено се изрази едногласно „за“ ваквиот еднаков соднос, додека при одговорите во фокус групата од ИЕ 3 е застапен родово најнесензитивен говор.

Дел од испитаниците забележуваат дека не е сѐ до квотите, туку дека треба да се работи на општествениот контекст и охрабрувањето на жените и само на тој начин таа ќе биде застапена и во сегментите за кои не постојат квоти *„жените се застапени само онаму каде има квоти, а тоа е во парламентот и локалните совети, додека на раководни позиции во Влада и воопшто, кај што нема квоти, жените не се доволно застапени. Во Влада има мислам, само 4 министерки, градоначалнички има само 6 од 81 општина...Тука е членството и во управни и надзорни одбори и управувачки тела каде што жената воопшто не е застапена.“ (жена, 30-40 год., Македонка)*

Мал дел од испитаниците сметаат дека жените во Република Северна Македонија ги имаат истите права како и мажите и дека нема потреба од вложување дополнителни напори во оваа насока.

Помеѓу испитаниците од сите фокус групи доминира ставот дека жените не се доволно кандидирани за пратенички, градоначалнички и советнички, но и општо дека е потребно да има повеќе жени на сите позиции, да бидат вклучени во поголема мера во сите политички и општествени текови.

Како главна причина за недоволното кандидирање на жените се наведуваат:

- патријархалниот традиционален менталитет во државата;
  *„поголема е довербата кога истата работа би им ја кажало некое лице од машки пол, отколку истото да им го каже некоја жена.... тоа е преовладувачко.“(жена, до 29 год., Албанка)*
- недостиг на волја кај самите жени да се втурнат во политиката поради досегашен лош општествен третман на маргинализација, дискриминација, манипулација, недоволна почит и авторитет, недоличен

говор насочен кон експонираните жени, недостиг на домашна поддршка:

*„на порталите кога ќе се објави нешто за жена функционер, има многу коментари во кои и ја навредуваат моралноста, не секоја жена може да ги надмине...таа сама ќе се оддалечи од политиката.“(жена, до 29 год. Албанка).*

Дел од испитаниците тврдат дека самите жени треба континуирано да се борат за своите права, додека дел сметаат дека и мажите носат одговорност, односно дека треба да работат повеќе на реализацијата на женските права.

Дали испитаниците гледаат повеќе жени во политиката кои ја заслужуваат нивната почит? Добиени се поделени одговори, но сепак преовладува одговорот дека нема конкретни жени во политиката кои би ги посочиле како заслужни за почит или за кои би гласале.

Ставот дека нема жени на политичката сцена кои се заслужни за почит и дека нема конкретна жена за која би гласале е најкарактеристичен за испитаниците од ИЕ 1, но ваквиот став доминира и кај ИЕ 2. Од друга страна, најнаклонети за гласање за конкретна жена од нивниот политички или општествен контекст како и за укажување почит кон жените во политиката се испитаниците од ИЕ 6, а и од ИЕ 5 претежно се идентификувани жени на функции кои се заслужни за почит, но се истакнува дека таквите жени повеќе се присутни како политички активни на државно ниво, а не на локално ниво.

## Заклучоци од прашалници на политичките партии

- Најголем дел од политичките партии се согласни со воведувањето на една изборна единица (исклучок се албанскиот блок на партии)
    - Во овој дел не препознаваат ризик во однос на претставувањето на помалите населени места и рурални средини (исклучок се ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ)
- Имаат поделен став во однос на промена на изборната формула (речиси половина од партиите сметаат дека треба да има промена во насока на еднакво вреднување на секој глас и престанокот на фаворизирање на големите партии, а од друга страна се партиите кои сѐ уште немаат јасен став, сметаат дека овие реформи мора да се разгледуваат во контекст на поголеми промени и со поширока јавна дебата, или пак дека сѐ уште не е време за промени)
- Значителен дел од партиите се против воведување изборен праг во услови на постоење на една изборна единица (исклучок се Алтернатива, ВМРО-ДПМНЕ, ДУИ, СРМ)
- Најголем дел од политичките партии се за воведување отворени листи (исклучок се ВМРО-ДПМНЕ и ДС) и со ваквата промена не препознаваат ризик во однос на застапеноста на жените (исклучок Твоја партија)
- Поголемиот дел од партиите се против воведувањето загарантирани места за помалите етнички заедници (исклучок се: ДПТМ, ДУИ, Твоја партија, ПОЕН, Интегра)
- Најголемиот број партии истакнуваат дека ставот на граѓаните им е важен при градењето аргументација за промена на изборниот модел (според дел од нив, нивните предлози во врска со изборната реформа се всушност резултат на она што го бараат граѓаните);
- Евентуалните изборни реформи треба да постигнат: демократизација на партиите и општеството, самостојност на пратениците во однос на лидерите на политичките партии, еднакво вреднување на гласот, подобра претставеност на различните групи и интереси во политиката;
- Во најголем број од партиите не е дискутирано за Германскиот модел и неговата соодветност (но, се отворени за понатамошна дискусија и сметаат дека треба на овој процес да претходат детални анализи, согледување на искуствата на другите држави, како и стручна дебата во нашето општество);

- Доминира ставот дека изборите за градоначалници треба и понатаму да се организираат во два изборни круга (исклучок се ВМРО-ДПМНЕ, Твоја партија и Интегра).

## Заклучоци од фокус групите со граѓани

- Генерално постои интерес за политика и политички теми;

- Најголемиот дел од испитаниците редовно гласаат на избори;

- Во сите изборни единици и меѓу сите категории на граѓани владее силен негативен став и разочараност од начинот на кој пратениците ја вршат својата функција на застапување на интересите на граѓаните. Сметаат дека пратениците во Собранието ги остваруваат своите лични и партиски интереси, претежно се лојални на партиските лидери и не ги остваруваат предизборните ветувања кои им ги даваат на граѓаните;

- Ставот на испитаниците е дека се потребни промени на начинот на избор на пратеници. Постои генерална поддршка за еднаквото вреднување на секој глас, оставањето поголем простор за малите политички партии и воведувањето на една изборна единица за парламентарни избори;

- Најголем дел од испитаниците сметаат дека не би требало да се гледа како на проблем претставувањето на помалите места и рурални средини кога територијата би се организирала во една изборна единица.

- Генерален став е дека би гласале за мала политичка партија, треба да им се остави повеќе простор затоа што промените сметаат дека можат да се случат преку нив. Би биле многу повеќе спремни својот глас да го дадат за мала партија кога би имале само една изборна единица.

- Доминира позитивниот став за воведување на загарантирани места за помалите етнички заедници (исклучок ИЕ4, поделен став ИЕ3);

- Генерално постои позитивен став во однос на отворените листи (само неколку учесници истакнуваат негативни аспекти);

- Граѓаните кои учествуваа во фокус групите во голема мера се согласуваат со идејата градоначалници да се избираат во еден изборен круг. Голем дел од испитаниците ја истакнуваат економската придобивка од оваа реформа како и намалување на можноста за политички договарања помеѓу двата круга;

- Испитаниците од сите фокус групи, а особено младите испитаници, доминантно сметаат дека на Владата и Собранието не им се приоритет младинските интереси, а дел од испитаниците тука ја препознаваат и помалата вклученост на младите во изборниот процес.

- Најмногу би гласале за млад кандидат на локално ниво за советник (или за пратеник на национално ниво);
- Доминира ставот дека мажите и жените треба да бидат еднакво застапени во Собранието, сите жени испитанички го поддржаа концептот на еднаква родова претставеност во Собранието. Покрај воведувањето на квоти, сметаат дека треба да се работи на подигнување на свеста на луѓето.
- Доминира ставот дека жените не се доволно кандидирани за функции (особено каде што нема квоти);
- Постои свесност за гласање за жена, меѓутоа сè уште доволно граѓаните не препознаваат такви примери.

| **С п о р е д б а** | |
|---|---|
| Политички партии | Граѓани |
| • Генерално се ЗА воведување на една изборна единица<br>• Генерално се ЗА воведување отворени листи<br>• Поголем број се ПРОТИВ воведување на загарантирани мандати<br>• Ставот на граѓаните им е ВАЖЕН при градењето аргументација за промена на изборниот модел<br>• Доминантно се ЗА избор на градоначалници во два изборни круга | • Генерално се ЗА воведување на една изборна единица<br>• Доминира ставот ЗА воведување отворени листи<br>• Доминира ставот ЗА воведување загарантирани мандати<br>• Владее силен НЕГАТИВЕН став и разочараност од начинот на кој партиите ги застапуваат интересите на граѓаните<br>• Доминантно се ПРОТИВ избор на градоначалници во два изборни круга |

# Библиографија:


1. Lijphart, A. *“Constitutional Choices for New Democracies”.* Во Diamond, L. & Plattner, M. F. (Ed.). *“Electoral Systems and Democracies”*. Baltimore: Johns Hopkins University, 2006;
2. OSCE. *“The former Yugoslav Republic of Macedonia, Municipal elections, 15 October and 29 October 2017: Final Report“*. Skopje, 2017. Available at: https://www.osce.org/odihr/elections/fyrom/367246;
3. *“Electoral Systems"*. Official website of the Electoral Knowledge Network. Available at: http://aceproject.org/ace-en/topics/es/esd/esd02/esd02e/esd02e03;
4. Electoral Code (“Official Gazette of the Republic of Macedonia”, Nos. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18/, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 and 42/20);
5. Каракамишева, Т. *„Избори и изборни системи“*. Skopje, 2004;
6. Norris, P. *“Electoral Engineering: Voting Rules and Political Behavior “*. Cambridge, 2004;
7. Sartori, G. “*Comparative Constitutional Engineering: An Inquiry into Structures, Incentives and Outcomes*”. New York, 1997;
8. Siljanovska-Davkova, G. “On the Way of Allotment of Electoral Mandates – Electoral Models”, in “Constitutionalism, Universalism and Democracy”, Erasmus University, Rotterdam, 1999;
9. SUMNAL – Association for Development of the Roma Community. *„Анализа на програмите на политичките партии и застапеноста на Ромите и ромските прашања во Република Македонија*“. Available at: https://sumnal.mk/wp-content/uploads/2017/11/Analiza-na-programite-na-politickite-partii-i-zastapenost-na-romite-i-romskite-prasanja.pdf, Скопје, 2016;
10. Farrell, D. *“Electoral systems: A Comparative Introduction”*. New York, 2001;
11. Heywood, A. *“Politics”*. Basingstoke, 2007;
12. Hix, S., Johnston, R., McLean, I. “*Choosing an Electoral System*”, London, 2010.
13. https://beijing20.unwomen.org/~/media/headquarters/attachments/sections/csw/pfa_e_final_web.pdf Beijing Declaration and Platform for Action (accessed on May 20, 2021)
14. https://beijing20.unwomen.org/en/in-focus/decision-making In Focus: Women in Power and Decision-making (accessed on May 20, 2021)

15. http://rodovreactor.mk/subject/politics/graphs/izbrani-pratenici-column/#.YKUuOagzZPa (accessed on May 25, 2021)

16. Larserud, Stina, Taphorn, Rita, *Designing for Equality, Best-fit, medium-fit and non-favourable combinations of electoral systems and gender quotas*, International IDEA, Stockholm, 2005, Designing for Equality (accessed on May 19, 2021)

17. Reynolds, Andrew, Reilly, Ben, Ellis, Andrew, et alia, *Electoral System Design: The New International IDEA Handbook*, International Institute for Democracy and Electoral Assistance, 2005 Electoral System Design: The New International IDEA Handbook (accessed on May 21, 2021)

18. https://www.quotaproject.org/ Quotas for Youth (accessed on May 21, 2021)

19. National Council for Law Reporting, “Laws of Kenya: The Political Parties Act, 2011,” http://kenyalaw.org/kl/fileadmin/pdfdownloads/Acts/PoliticalPartiesAct.pdf. (accessed on May 25, 2021)

20. OSCE, *“North Macedonia, Early Parliamentary Elections, 15 July 2020: ODIHR Special Election Assessment Mission Final Report“*, Skopje, 2020. Available at: https://www.osce.org/odihr/elections/north-macedonia/465648

21. https://www.ipu.org/news/press-releases/2020-03/25-years-after-beijing-ipu-analysis-shows-gender-parity-possible 25 years after Beijing, IPU analysis shows that gender parity is possible (accessed on May 20, 2021)

22. https://www.quotaproject.org/ Gender Quotas (accessed on May 19, 2021)

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

342.8(047.31)
342.82(497.7)(047.31)

ИЗБОРНИОТ систем на Република Северна Македонија : како да се обезбеди рамноправна и фер застапеност во собранието / [автори Златко Атанасов ... и др.]. - Скопје : Национален демократски институт, 2022. - 84 стр. : илустр. ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Други автори: Дејан Димитриевски, Александра Крстеска, Бојана Наумовска, Анета Цекиќ, Јован Близнаковски, Милка Тодоровска. - Библиографија: стр. 83-84

ISBN 978-608-4921-11-0

1. Атанасов, Златко [автор] 2. Димитриевски, Дејан [автор] 3. Крстеска, Александра [автор] 4. Наумовска, Бојана [автор] 5. Цекиќ, Анета [автор] 6. Близнаковски, Јован [автор] 7. Тодоровска, Милка [автор]
а) Изборни системи -- Истражувања б) Изборен модел -- Македонија -- Истражувања

COBISS.MK-ID 56225797

ISBN 608-4921-11-6
9 786084 921110